# З А П И С Н И К

## од 423-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана во салата на Судскиот совет на Република Северна Македонија на ден 20.12.2022 година, (среда) со почеток во 10,45 часот

На седницата присуствуваа, Весна Дамева–претседател на Советот, м-р Селим Адеми заменик претседател на Советот, Мирјана Радевска Стефкова, Ханиф Зендели, Зоран Герасимовски, Мери Радевска, Ивица Николовски, и Мирсад Суроји - членови на Советот избрани од редот на судиите и м-р Тања Чачарова Илиевска, Павлина Црвенковска и м-р Миљазим Мустафа членови на Советот избрани од Собранието на Република Северна Македонија.

Отсутни се: Беса Адеми - претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија, д-р Никола Тупанчевски - министер за правда и членовите на Советот Лорета Георгиева поради користење на годишен одмор и Сашко Георгиев.

Записникот го водеше Весна Толева –ВД генерален секратар на Судскиот совет на Република Северна Македонија. На седницата присуствуваше и Емилија Николиќ - државен советник во Судскиот совет на Република Северна Македонија и Вера Андрејчин – советник за односи со јавност.

На седницата се присутни и преставник од Коалицијата „Сите за правично судење" и преставник од Институтот за човекови права.

Претседателот на Советот пред да го предложи Дневниот ред за 423-та седница на Советот ги информираше членовите на Советот дека од Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје е пристигнато барање за номинирање на заменик член на Комисијата за завршен испит од причини што досегашниот член на комисијата Зоран Стевановски, претседател на Основен суд Прилеп известил дека поради зголемен обем на работа во судот и поради здравствени проблеми не е во можност повеќе да ја извршува функцијата. Дополни дека ова барање ќе биде разгледано на денешната седница на Советот под точка „Разно".

Воедно, констатира дека на седницата е присутен **членот на Советот Сашко Георгиев.**

Во продолжение **Претседателот на Советот** откако констатира дека има потребен кворум за работа, го изложи Дневниот ред предложен за 423-та седница со напомена дека согласно чл.39 ст.2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија при расправањето по 6-та точка од Дневниот ред – „Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд" јавноста ќе биде исклучена.

**Претседателот на Советот** отвори расправа по предложениот Дневен ред.

**Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми** предложи на денешната седница со оглед на околноста да извештаите за проверка на практичната работа со компјутери мора да бидат усвоени до крајот на годината после 5-та точка од Дневниот ред да се додаде нова точка – „Усвојување на извештајот за резултатите од спроведена проверка на знаење на практичната работа со компјутери".

**Членот на Советот Мери Радевска** предложи точката „Разно" да се дополни со нова точка – „Формирање на комисија за проверка на навременост на пријавите и комплетноста на документите на кандидатите, од спроведената постапка по огласот за избор на претседател на Основен суд Битола.

Согласно истакнатите предлози од **Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми** и **членот на Советот Мери Радевска, Претседателот на Советот** предложи предлогот на заменик претседателот да се разгледа како 6-та точка од Дневниот ред, а предлогот на **членот на Советот Мери Радевска** да се разгледа како 7-ма точка од Дневниот ред, а 6-та, 7-та и 8-та точка да се поместат за една точка нанапред и да се разгледуваат како 8-ма, 9-та и 10-та точка од Дневниот ред.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот** Дневниот ред за 423-та седница го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 12 гласа -„За", е усвоен следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1.Усвојување на:

- Записник од 418-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 26.10.2022 година;
- Записник од 420-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 24.11.2022 година и
- Записник од 422-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 05.12.2022 година;

2.Разгледување и усвојување на Предлог Програма за работа на Судскиот совет на РСМ за 2023 година;

3.Разгледување и усвојување на Предлог Интерен план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите за 2023 година;

4. Донесување на Одлука за избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје;

5. Разгледување предлог на Законот за кривична постапка;

6. Усвојување на извештаи за резултатите од спроведена проверка на знаење на практичната работа со компјутери

7. Формирање на комисија за проверка на навременост на пријавите и комплетноста на документите на кандидатите, од спроведената постапка по огласот за избор на претседател на Основен суд Битола

8. Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд;

9. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:

- УПП бр. 243/22, 376/22, 397/22, 400/22, 424/22, 430/22;
- УПП бр. 392/22;
- УПП бр. 237/22, 372/22, 383/22, 398/22, 418/22;
- УПП бр. 301/22, 318/22, 393/22;
- УПП бр. 379/22, 381/22, 394/22, 401/22, 403/22;

- УПП бр. 410/22;
- УПП бр. 371/22;
- УПП бр. 349/22;
- УПП бр. 124/22, 222/22, 288/22, 342/22, 373/22, 380/22, 396/22, 413/22, 420/22;
- УПП бр. 350/22, 355/22, 423/22;
- УПП бр. 407/22.

10.Разно.

**Точка 1**

**Усвојување на:Записник од 418-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 26.10.2022 година;**
**- Записник од 420-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 24.11.2022 година и**
**- Записник од 422-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 05.12.2022 година**

**Претседателот на Советот,** отвори расправа по Записникот од 418-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 26.10.2022 година

За збор се јави **членот на Советот м-р Миљазим Мустафа.** Истакна дека нема да гласа за конкретниот записник од причини што не присуствувал на наведената седница.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот** записникот од 418-та седница го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 11 гласа - „За“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

**Претседателот на Советот,** отвори расправа по Записникот од 420-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 24.11.2022 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор **Претседателот на Советот** записникот од 420-та седница го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 12 гласа - „За“ записникот е усвоен со денес констатираните забелешки.

**Претседателот на Советот,** отвори расправа по Записникот од 422-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 05.12.2022 година.

За збор се јави **членот на Советот Павлина Црвенковска.** Истакна дека нема да гласа за конкретниот записник од причини што не присуствувала на наведената седница.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот** записникот од 422-та седница го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 11 гласа - „За“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

**Претседателот на Советот** констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и постапување по 2-та точка од Дневниот ред – „Разгледување и усвојување на Предлог Програма за работа на Судскиот совет на РСМ за 2023 година“.

**Точка 2**

Разгледување и усвојување на Предлог Програма за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2023 година

По однос на 2-та точка од Дневниот ред **Претседателот на Советот,** наведе дека Програмата за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија се изготвува континуирано и генерално се однесува за секоја година. Во таа насока од членовите на Советот побара доколку имаат забелешки на предложениот текст на Програмата за работа или одредени предлози да се произнесат на денешната седница и да ги истакнат истите.

Во продолжение **Претседателот на Советот о**твори расправа по Предлог Програма за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2023 година со дополнување дека Предлог програмата ја доставува Претседателот на Советот, но поради преангажираност можеби во моментот на изготвување на истата нешто е пропуштено или излегло од вид.

За збор се јави **заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми**. Истакна дека Програмата на Советот не треба да биде донесена и изгласана само про форма, туку во овој дел Советот треба да биде поактивен. Во таа насока истакна дека треба да се одржи и средба со цел обезбедување на средствата од 0,8 % од буџетот за судството кои му следуваат на Советот. Поради наведеното побара интензивно да се работи, со одржување состаноци а ако е потребно и со одржување на прес конференции со цел да се запознае јавноста дека без независност не може ништо да се направи, а не само да се упатуваат критики до судството. Воедно, истакна дека Советот треба да биде упорен утврдените 0,8 % да се обезбедат, а не само да се препишуваат секоја година, наспроти реалноста која е сосема поинаква. Дополни дека се јавил за збор само за делот на предвидените 0,8% со дополнување дека треба активно да се работи со цел конечно обезбедување на овие средства. По однос на останатиот дел од Програмата истакна дека е во ред.

**Членот на Советот Мирсад Суроји** во насока на дискусијата на претходниот член на Советот побара да се формира работна група која со почетокот на новата 2023 година ќе се залага и превзема активности за обезбедување на финансиска независност на судството. Побара оваа комисија со почетокот на новата 2023 година активно да отпочне со работа и да се посвети во остварување на правата на судиите, да ги брани и да ги штити по однос на нивната независност.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека ги поддржува колегите. Дополни дека колку што нему му е познато и претходно имало некоја комисијата која дејствувала и дека имало премногу ветувања и заложби, но резултатите изостанале. Денес во услови на зголемени животни трошоци смета дека е потребно поактивно и поконкретно да се постапува во тој дел. Го поддржа предлогот на **членот на Советот Мирсад Суроји** за формирање на работна група истакнувајќи дека доколку има одредени колеги кои можат да дадат максимум во остварување на овие цели да се јават доброволно за постапување во групата, а останатите да дадат максимална поддршка со цел во најкус можен рок да се преземат активности за остварување на потребите.

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стевкова** постави прашање - „Дали Акцискиот план е составен дел на Програмата за работа за 2023 година“, на кое доби потврден одговор, дека

акцискиот план е составен дел на програмата во смисла на роковите во кои треба да се реализираат активностите.

По однос на наводите на членовите на Советот кои се однесуваат на независноста на судската власт **Претседателот на Советот** истакна дека е неспорно дека Судскиот совет треба да ги направи сите напори со цел на годишно ниво да се обезбедат наведените средства од 0,8 % од буџетот за судството. Во таа насока дополни дека надлежни институции за тоа се Министарството за правда, Министерството за финансии и Собранието на Република Северна Македонија, но во рамки на надлежностите на Советот смета дека Судскиот совет на Република Северна Македонија може да организира и иницира средби со преставници на наведените министерства и на тој начин да се изрази решеноста на Советот дека ќе се бори за обезбедување на наведените средства на годишно ниво.

По однос на предлогот истакнат од **членот на Советот Мирсад Суроји** за формирање на работна група истакна дека во овој момент е многу прифатлив. Поради наведеното **Претседателот на Советот** согласно чл.19 ст.1 алинеа 3 од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија предложи да се донесе заклучок со кој ќе се формира работна група или комисија за остварување на оваа активност. Побара од членовите на советот доброволно да се пријават за членување во комисијата

**Ззаменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека смета дека откако Советот ќе го усвои акциониот план може да се пристапи кон формирање на работната група. По однос на членовите на комисијата заменик претседателот истакна дека не е потребно доброволно пријавување за членство во истата од причини што смета дека носител на работата треба да биде претседателот на Советот кој истовремено е и претседател на судско-буџетскиот совет и подобро од останатите членови ги знае проблемите во сверата на буџетот. Смета дека доколку работната група се формира истата мора да ја води претседателот на Советот бидејќи треба да се остварат средби и разговори со министерот за правда, министерот за финансии, а зошто да не и на повисоко ниво, кое нешто само ја потврдува потребата на цело на оваа комисија да биде претседателот на Советот. Смета дека сега не е моментот да се расправа за формирање на работната група и дека немора да се брза со нејзиното формирање, туку по усвојување на програмата за работа и акциониот план на некој нареден работен состанок да се

процени кој треба да биде заедно со претседателот на Советот член на работната група.

Ч**ленот на Советот Сашко Георгиев** во насока на претходните дискусии истакна дека смета дека освен претседателот на Советот член на таа работна група треба да биде и заменик претседателот на Советот.

**Претседателот на Советот** истакна дека по однос на наведениот проблем е ирелевентно дали Програмата за работа ќе биде усвоена или не бидејќи станува збор за проблем кој тежи. Во таа насока дополни дека  ќе се премине на гласање за усвојување на Програмата за работа, но бидејќи несака да ги одлага работите, а за формирање на работна група согласно Деловниокот за работа на Судскито совет на Република Северна Македонија е потребна согласност од членовите, предложи работната група да се формира на денешната седница. Дополни дека не е случајност кога кажала некој од членовите доборловолно да се пријави за член на работната група, бидејќуи смета дека во истата треба да членуваат претседателот на Советот, заменик претседателот на Советот и член на Советот, не затоа што како претседател нема да превзема активности, да лобира и да одржува состаноци, туку цел да не се изгуби од континуитет доколку се јави состојба да е спречена да дејствува или ако средбите се одржуваат почесто, па претседателот и заменикот на Советот се спречени да присуствува, тогаш во такви околности третиот член на работната група да присуствува на средбите.

Во продолжение истакна дека ќе се премине на разгледување и усвојување на Програмата за работа за 2022 година, по што ќе следува формирање на работна група во која членови ќе бидат претседателот на Советот, заменик претседателот на Советот и еден член на Советот.

По однос на Програмата за работа за 2023 година за збор се јави **членот на Советот Ханиф Зендели.** Во врска со рокот предвиден во точка 2 од програмата – „Континуирано следење на работата на судовите“, во делот на оценување на судиите, надградба, апликација и изработка на нови софтверски решенија, истакна дека овие активности следуваат по новата година. По однос на процесот на редовно оценување на судиите кој Советот треба да го заврши истакна дека во ппрограмата како рок за завршување на процесот е назначен месец јули 2023 година. Во тој дел раководејќи се од  времетраењето на процесот на вонредното оценување на 90

судии кој е спроведен од страна на Советот во пракса, наспроти фактот дека во 2023 година треба да се оценуваат повеќе од 400 судии постави прашање „Дали е потребно предвидениот рок во програмата „месец јули 2023 година“ да биде пофлексибилен, односно да биде предвиден рок „јули-септември 2023 година“, или да остане како што е предвидено. Во таа насока дополни дека постапката за оценување на судиите може да се спроведува олеснето во наредните години кога ќе се изврши надградба на софтверот и апликацијата за оценување, но дека престојното оценување кое треба да се спроведе во предвидениот рок до јули 2023 година ќе биде многу сложено отколку што тоа во моментот изгледа од причини што сеуште нема надграден софтвер и апликација за оценување. Поради наведеното го истакна својот срав дека во овој дел, по однос на рокот на завршување на оценувањето треба да се размисли, истовремено изразувајќи го својот сомнеж дека согласно сегашната состојба на работите комисиите кои ќе работат на оценувањето на судиите ќе го завршат процесот во предвидениот рок до јули 2023 година.

**Претседателот на Советот** – истакна дека покрај другите активности во делот на навремено отпочнување и завршување на процесот на оценување како активност е предвиден и процесот на надградбата. По однос на рокот за реализиција, истакна дека е предвидено тоа да биде најдоцна до месец јули 2023 година, но по однос на очекуваните резултати доколку предвидените активности се спроведат во тој период, во тој случај оценувањето ќе отпочне во тој период. Доколку има технички проблеми или друг фактор кои што ќе влијаат на оценувањето секако дека и месец септември да биде предвиден како рок, оценувањето нема да може да се заврши.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека смета дека рокот мора да почне од месец јануари 2023 година дополнувајќи дека во таа насока го истакнал и предлогот како временски период на завршување на оценувањето да се ставу „јули-септември 2023 година“.

Врз основа на дискусијата **Претседателот на Советот** постави прашање до **членот на Советот Ханиф Зендели: „Ка**ако смета да се формулира рокот„? Дополни дека во програмата е наведено „период на отпочнување и завршување јули 2023 година“ како краен рок бидејќи програмата стапува на сила веднаш.

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека предвидениот рок треба да остане и неможе да се менува од причина што станува збор за законски рок, дополнувајќи дека за членовите на Судскиот совет останува да се борат со сите предизвици со кои членовите на Советот ќе се соочат.

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стевкова** по однос на истата точка 2 од програмата – „Континуирано следење на работата на судовите" побара појаснување по однос на алинеа 1 – „зајакнување на човечките ресурси со цел зголемување на ефикасноста на судството". Наведе дека во ток дел во програмата е наведено обезбедување на стручни човечки ресурси. Во таа насока постави прашање: „Дали се мисли на стручната служба во судовите"?. По однос на алинеата 2 – „институционално јакнење", истотака постави прашање: „Дали станува збор овие кадри да бидат обучени"? Во продолжение истакна дека ова го прашува од причини што смета дека на наведените активности не им е местото во точката 2 - „Континуирано следење на работата на судовите" , односно постави дилема ...... „Дали тука им е местото? ..... „која е нашата надлежност по однос на слободните работни места во судската служба?.... Можеме ли на било каков начин ние тука нешто да превземаме....да интервенираме, да бараме средства, што можеме да направиме виза ви нашата обврска – „Континуирано следење на работата на судовите"?". ... Дека од таа обврска и од следењето можеме да добиваме и добиваме податоци дека дел од проблемите во ефикасноста на судот настануваат поради непополнување на работните места во судската служба, меѓутоа која е нашата надлежност за реакција понатаму?...... Да размислиме ...."

**Претседателот на Советот** истакна дека се согласува со забелешката изнесена од **членот на Советот Мирјана Радевска Стевкова**, дека ја прифаќа и истото го размислува кога детално анализира. Смета дека ова е поврзано и со судската мрежа од кои причини смета дека во тој дел .......„може со организирање на средби итн...може". Сепак истакна дека истотака смета дека овие делови не треба да стојат во „континуирано следење на работата".

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** истакна дека предвидените алинеи во точка 2, алинеа 2 за институционално јакнење треба да останат како што се предвидени бидејќи не станува збор замо за надлежности на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** во делот на „иницирање и стручни човечки ресурси“ истакна дека како надлежни институции не е наведен само Судскиот совет, туку се наведени и други институции кои ќе ја спроведуваат оваа мерка ....Судскиот совет, судовите, Судскиот буџетски совет, Академијата за судии и ЈО, министерства и невладини организации ... Поради наведеното смета дека текстот треба да остане така како што е напишан бидејќи во активностите не е предвидено како надлежна институција обврската да биде само на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека со оглед на околноста да втората активност е „институционално јакнење“ забелелшката на колешката Мирјана Радевска Стевкова била во насока дека на оваа активност местото не и е во точката 2 од програмата –„Континуирано следење на работата на судовите“. Со оглед на околноста да во натамошниот текст на програмата е предвидена и активност „проекција на слободни судиски места“ смета дека и насловот на третата точка треба да се замени со ....„кадровско екипирање“.... или некој друг посоодветен наслов, по што активноста „институционално јакнење“ би се префрлила во овој дел. Ова од причини што смета дека како задача оваа активност е многу важна и дека во тој дел има многу работа по однос на изнаоѓање средства, лобирање за средства, утврдување на потребни вработувања во судската служба, пополнување на судиските места ..итн. Поради наведените причини смета дека само преименување на 3 точка би ги консумирало сите тие активности поврзани со човечките ресурси.

**Членот на Советот Мирјана Радевска Стевкова по однос на текстуалниот дел кој има своја реперкусија во планот понатаму смета дека би требало како посебна активност на Судскиот совет на** Република Северна Македонија **за наредната година да се предвиди –„анализа на судовите и бројот на судиските места“, од причини што во програмата има само пополнување на слободните судиски места. Дополни дека смета дека во почетокот на годината Судскиот совет на** Република Северна Македонија **треба да направи анализа на сите судови во државата при што покрај број на население во предвид ќе бидат земени и бројот на предмети со кои што секој суд е оптеретен, па врз основа на сето тоа и направена детална анализа да се види дали треба да се изврши ревидирање на судската мрежа. Во таа насока смета дека Судскиот совет на** Република Северна Македонија **е органот кој што во секој случај најдобро треба и**

**има можност да ја согледа потребата од ревидирање на судската мрежа, особено кога ќе се земе предвид целокупното работење на Судскиот совет и проблемите со кои што се соочува Советот, а тоа е потребата од делегирање на судии од еден во друг суд, затоа што во другиот судот тој е единствен судија кој што работи во тој суд . Дополни дека во претходните години Советот се соочил и со проблемот да ниеден судија не аплицира во конкретен суд. Смета дека сите овие работи треба сериозно да бидат разгледани од Советот, по што од Советот да излезе предлог кон законодавната власт, односно министерството за правда и понатаму ....**

**Претседателот на Советот истакна дека ова се приоритетите кои од наредната година треба да ги разгледува Судскиот совет на** Република Северна Македонија **и да превзема дејствија во таа насока. Истакна дека од овие причини забелешката изнесена од членот на Советот Мирјана Радевска Стевкова е прифатлива.**

**Членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** по однос на активностите поврзани со ревидирање на судската мрежа истакмна дека треба да останат обврски со кои Судскиот совет треба да се занимава. Дополни дека тоа впрочем е и една од обврските со која требало да се отпочне многу порано. Ова од причини што Советот има усвоено Стратегија за човечки ресурси поради што се знае што треба да се прави околу прашањето за судската мрежа. Во продолжение истакна дека со оглед на околноста што во тој процес се јавуваат повеќе активини чинители вклучително и Министерството за правда кое директно треба да го сработи активностите за судската мрежа доаѓа го одолговлекување на ова прашање. Поради наведеното смета деа предлогот истакнат од **членот на Советот Мирјана Радевска Стевкова** да се даде предлог од Судскиот совет за неа е прифатлив. Во таа насока смета дека Советот во наредниот период треба да поработи на тоа прашање и во таа насока зададените активности од Стратегијата за човечки ресурси серизно да го апсолвираат овој проблем и тоа да се случи што поскоро во наредниот период.

**За збор се јави заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека со членовите на Советот сака да ги сподели информации со кои располага. Во та насока наведе дека во врска со судскат мрежа имало проект кој го работеле невладини организации, кој е изготвен со сите параметри, од аспект на број на жители, број на предмети, број на судии. Дополни дека во врска со

судската мрежа има изработен проект и од Министерството за правда, кој моментално е на усогласување во министерството, па треба да помине во Влада и во Собрание Од страна на Министерството за правда е изготвена анализа по однос на тоа колку судови се потребни, а кои се непотребни. Истакна дека и кога работел на Стратегијата за човечки ресурси и се спремал за скринингот побарал податоци од Министерството за правда од каде добил одговор дека се е подготвено и финансирано од невладина организација и дека извештајот е изготвен со комплет анализи, но дека сеуште нема добиено согласност да помине. Дополни дека по однос на ова прањање и позицијата и опозицијата се согласни околу бројот на судовите, односно дека треба да останат така како што се проектирани.

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека во овој случај точката 3 (три) може да се разгледува во човечки ресурси по што тука да се вбројат сите активности околу пополнување на судска служба, слободни судиски места .... Дополни дека е укажано и дека не треба да се чека судската мрежа за да се пополнат систематизациите за слободни работни места ... Смета дека за оваа година бидејќи има функционални анализи за сите судови може да се пристапи кон проектирање на потребни места во секој суд и тоа судии, судска служба, писарници, доставувачи ..... и да се е направат систематизации кои ќе бидат репер дали некое место треба да се пополни или не треба да се пополни. По однос на старите систематизации истакна дека се знае како се направени со предвиден повеќе кадар со цел да може да се завршат работите. Во таа насока истакна дека оние судови кои успеале да обезбедат повеќе судии и повеќе стручна служба тие биле и ажурни во работењето додека тие што не успеале останале неажурни. Од тие причини смета дека една од задачите треба да биде изготвување на нови систематизации, во зависност од состојбите при што да се има во предвид и одливот на кадар кој ќе се случи оваа година кое нешто не е за занемарување особено поради фактот што во наредните две години се очекува да заминат повеќе од 70 судии, наспроти приливот од 30 нови судии на нивно место. Ако на тоа се додадат и 26-те судии кои веќе се пензионирани и фактот дека за сите тие места има само 30 нови судии. Смета дека овие околности мора Советот да ги има во вид за да се знае во кој правец да се движи.

**Членот на Советот Мирјана Радевска Стевкова** истакна дека се согласува со ставот на **членот на Советот Мери Радевск**а околу систематизациите, дека истите мораат да бидат разгледани, нагласувајќи дека сепак останува на предлогот дека Судскиот совет

на Република Северна Македонија треба да изврши анализа на судската мрежа од причнини што и опозицијата и позицијата се согласуваат со ставот дека судовите вака како што се предвидени, така треба и да останат. Дополни дека тоа е политички одговор, но дека Советот не е политички орган и дека работи директно за потребите на судовите, па поаѓајќи токму од тоа,,како и од потребите на граѓаните за судови, а со оглед на состојбата и бројките што ги има Советот, дека 60 судии, па уште 70 ќе одат во пензија, чии места ќе се пополнат само со 30 нови судии смета дека треба да се утврди каде највеќе треба тие 30 судии да одат, каде е потребата, се со цел за ефикасна работа на судството, а не во судство да се решаваат проблеми од типот ....„гори пожар“.... а на друго место каде судот истотака е затрупан со работа да биде оставен без судија. Смета дека станува збор за основна и сериозна задача која Судскиот совет на Република Северна Македонија треба да ја направи,дополнувајќи дека со податоци може да се обезбеди и од проектите кои веќе постоеле и ги имаат обезбедено и кои ќе помогнат во анализата, но предлог на Судскиот совет на Република Северна Македонија мора да постои. Дали овој предлог ќе биде прифатен од политичката власт не е понатаму работа на Советот, но смета дека треба да се притиска со решенија кои ќе придонесат за ефикасно судство.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека во целост се согласува со дискусиите по однос на овој дел. Дополни дека смета дека Советот има должност да иницира промени при што во предвид да се имаат реалните состојби...а тоа е дека денес има мали градови кои имат судови од некое друго време кога функционирале на поинаков начин со повеќе жители. Уште еднаш ја потврди поддршката и иницијативите во овој дел дополнувајќи дека смета дека би можело да се формира и комисија која ќе иницира средби со Министерството за правда во насока на остварување на целта.

**Претседателот на Советот** истакна дека нема дилема дека ова прашање треба да се разгледува од страна на Советот. Во контекст на информациите кои на денешната седница ги изнесе заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми дека некои невладини органиозации имаат изготвен проект и поседуваат анализи и податоци Претседателот на Советот истакна дека уште веднаш ќе се ангажира за обезбедување на проектот после што заеднички ќе биде разгледан на работен состанок во Советот каде ќе се утврди како да се постапува во идниина, што да се превземе и да се отпочне со работа. .....„Изготвениот проект од невладината организација преставува 80 % завршена работа плус прибраните

податоци од Советот овозможуваат да се пристапи кон разгледување од причини што Советот се соочува со голем проблем“....

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека функционалните анализи кои се споменуваат се правени во текот на 2020 и 2019 година, а за некои судови и во 2018 година нагласувајќи дека сега поради пензионирање на голем број судии наспротив предметите кои ги имааат судовите има и нова состојба. Покрај функционалните анализи смета дека Советот мора да има и податоци, дополнувајќи дека во таа насопка во текот на ноември месец 2022 година има направено табела со елементарни податоци. Смета дека без тие податоци и покрај функционалната анализа Советот нема да може да оперира од причини што во време на изготвување на функционалните анализи се користени податоци од претходниот попис, а сега после изготвување на функционалните анализи има нова состојба, во смилна нов спроведен попис, пензионирање на повеќе судии, голем број предмети...итн. Поради наведеното смета дека треба нови анализи, а податоците да се црпат од годишните извештаи на судовите каде има број на предмети, број на судии, број на стручна служба. За овојј дел нагласи дека е многу важно секој судија да има најмалку еден советник и најмалку еден записничар, покрај оние кои ги има претседателот на судот и судскиот администратор. Смета дека мора да се создаде тим околу судијата од кој очекуваме да вади една ипол, две или повеќе норми. Во таа насока наведе дека треба да се размислува и во правец на формирање комисија за определување на ориентационата норма.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека во функционалните анализи изработени од невладиниот сектор е се детално анализирано почнувајќи од опременост на судовите па до околноста колку вработени се потребни. Помошта на невладиониот сектор со работењето на Судскиот совет на Република Северна Македонија несомнено се потврди во повеќе наврати . Во таа насока истакна дека се согласува со предлогот на претседателот на Советот доколку некој има информации дека постои проект од некоја невладина организација во кој што е направена анализа по однос на судската мрежа за човечки ресурси, дека тој проект треба да се искористи. Воедно, истакна дека се согласува и со дискусијата на **членот на Советот Мери Радевска** дека претходно треба со податоци од Судскиот совет на РСМ да се абдејтуваат податоците по однос на бројните сотојби за судите кои ќе се пензионираат. Смета и дека анализите кои ги прави невладиниот сектор во овој дел се многу добри бидејќи нивни преставници одат на лице место во судовите.

Дополни дека на тој начин се направени 4 постоечки функционални анализи каде невладиниот сектор на лице место утврдувал какви се состојбите во судот, што недостасува ..... па дури и тоа дали има пристап за инвалидизирани лица. Во таа насока уште еднаш истакна дека ја поддржува идејата да се стапи во контакт со невладината организација која ја извршила таа анализа, а потоа на седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија да се разгледа материјалот и да се утврди какви дејствија да се превземат понатаму.

**Членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека во контекст на сите досегашни дискусии и информацијата на заменик претседателот на Советот за постоењето на изготвен проект за судската мрежа, проекцијата на судиски места се разгледува и во работната група која работи на Стратегијата 2023-2027 година. Смета дека изготвениот проект не би можел сега да се промени од причини што како што истакнал и **членот на Советот Мери Радевска** имало многу промени ...почнувајќи од пензионирањата извршени во 2022 година кои наметнаа нови состојби и нови потреби. Поради наведеното смета дека сериозно треба да се отпочне со работа и врз основа на податоците со кои располага Советот да се утврди каква е состојбата во судовите, по што Советот да даде свој предлог, а функционалните анализи да бидат основа при решавање на ова прашање ...... „иако се прашувам колку истите сега се ефективни со оглед на променетите состојби во тој дел“.....

**Претседателот на Советот** истакна дека на крајот од оваа конструктивна дискусија произлегува дека генералниот секретар на Советот треба да ги обезбеди функционалните анализи, да го обезбеди проектот изготвен од Центарот за правни истражувања и да ги обезбеди податоците од **членот на Советот Мери Радевска** по што истите во најкус можен рок да ги достави до сите членови на Советот на разгледување, на меил со оглед на околноста да на членовите ќе им треба време да ги разгледаат, после што истите час поскоро ќе се разгледаат на работен состанок, а потоа во новата година и на седница на Советот со оглед на околноста да до завршување на 2022 година има закажано само уште една седница.

Откако констатира дека дискусијата по однос на предлог програмата за работа за 2023 година е исцрпена и никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот** на гласање ја стави Предлог Програмата за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2023 година со забелешките истакнати од **членот на Советот Мирјана Радевска-**

**Стевкова** по однос на табелата која беше потврдена и од **членот на Советот Мери Радевска** кои да одат под точка три – „човечки ресурси“ и забелешките во текстуалниот дел на Програмата по однос на анализата за судската мрежа.

По гласањето констатира дека со 12 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишната програма за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2023 година

По однос на предлогот на **членот на Советот Мирсад Суроји** за формирање на работна група истакнат при разгледување на оваа точка од Дневниот ред, **Претседателот на Советот** истакна дека смета дека таа обврска може да биде превземена од **Претседателот на Судскиот совет и заменикот претседател на Советот**, со дополнување со оглед дека е крај на година и донесувањето на буџетот е во завршна фаза формирањето на работната група да биде направено од 01.01.2023 година. Во таа насока **Претседателот на советот** дополни дека претходно ќе ги собере сите податоци во врска со новиот буџет како би можело да се постапува.

**Точка 3**

**Разгледување и усвојување на предлог Интерен план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите, за 2023 година**

По однос на 3-та точка од Дневниот ред **Претседателот на Советот** информираше дека е доставен Интерен план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите, за 2023 година кој од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија се изготвува еднаш годишно и треба да биде донесен до 31.12.. Дополни дека станува збор за континуиран интерен план кој се донесува секоја година согласно надлежностите на Судскиот совет.

**Претседателот на Советот** отвори расправа по оваа точка од Дневниот ред.

**За збор се јави членот на Советот Мирјана Радевска-Стевкова.** Истакна дека ќе говори за приоритет број 3 од Интерниот

план со наслов – „ Формирање на трочлени комисии за следење на работата на судиите и претседателите на судовите“. Во таа насока истакна дека во овој приоротет се наведени очекувани резултати кои фактички се критериумите за оценување. Со оглед да целта е оценувањето,  смета дека неможе да стане збор за трочлени комисии за следење, туку треба да гласат „трочлени комисии за оценување“. Ова од причини што целта е исполнување по критериумите кои се за оценување на судиите кои што аплицираат за повисок суд и оценување на претседателите на судовите. Поради наведеното истакна дека во овој дел кај неа се појавува дилема бидејќи по Законот за Судски совет на Република Северна Македонија  целите се токму тоа. Во таа насока истакна дека не треба да стои комисии за следење, туку треба да стои „комисии за оценување“.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека има поинакво мислење. Истакна дека трочлени комисии за следење на работата на судиите и претседателите на судовите се дел од Интерниот план  на Судскиот совет неколку години наназад и дека станува збор за комисии кои што ги формира претседателот на Советот со годишниот распоред за работа и истите ја следат работата на судот и на секој судија. Од друга страна комисиите кои што ќе ја оценуваат работата на судиите согласно новата методологија за квалитативно и квантитативно оценување се комисии за кои претпоставува дека ќе бидат формирани од 01-јануари 2023 година, односно дека станува збор за сосема други комисии. По однос на комисиите за следење на работата на судиите и претседателите на судовите истакна и дека станува збор за комисии кои се задолжителни да постојат и служат исклучиво за следење на работата на судиите и претседателите на судовите. ....„Всушност тоа е и целта....работни посети, увид во предмети, поднесени барања за утврдување на одговорност. Сето тоа е работа поинаква од работата на комисиите за оценување на работата кои ќе бидат посебно формирани....“

**Членот на Советот Тања Чачачрова-Илиевска** истакна дека со Интерниот план и минатата година било предвидено формирање комисии и работни групи кои ги вршат работните посети и ја следат работата на судиите. Во продолжение истакна дека ја бунат податоците наведени во графата индикатори. ... „Тоа навистина е дел од оценувањето.... исполнетост на квалитативните, па дури и квалитативните елементи кои што ги налага новата методологија за оценување, се дадени“... Смета дека интенцијата на Интерниот план

била формирање на работни групи кои што во текот на целата година ја следат работата на судиите, по судовите.

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека за новата година има нова состојба. Смета дека тоа е причинита што се јавуваат дилеми. Наловот на планот е - Интерен план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите, за 2023 година, Во таа насока истакна дека ако насловот вака гласи тогаш треба надвор од терминот „следење на работата“, које нешто се реализира тековно секоја година, со оглед да наредната година има редовно оценување, во приоритети да се додаде и „редовно оценување на судиите и претседастелите на судовите“, или да се вметне нов текст во врска со оценувањето. Во продолжение истакна дека доколку остане терминот следење и оценување, тогаш работата на „трочлени комисии за следење и оценување на работата....“ ќе биде една активност, а за оценување би требало да има други комисии. Смета дека следењето и оценувањето мора да се разграничат со оглед на околноста да следната година има голема активност околу оценувањето, додека следењето на работата е редовна, постојана активност секоја година.

Во реплика **членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека смета дека насловот на планот е соодветен и дека во истиот е разграничено – „за следње“ и “за оценување“. Тоа значи дека овој Интерен план опфаќа постоење работни групи кои што ќе ја следат работата на судиите и претседателите на судовите, а согласно одредбите од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија и Методологијата за оценување ќе бидат формирани комисии.

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стевкова** истакна дека не станува збор дека насловот „Формирање на трочлени комисии за следење на работата на судиите и претседателите на судовите“, како приоритет е во ред и дека тие трочлени комисии постоеле и треба да постојат за да се следи работата на секој судија. Смета дека има неусогласеност помеѓу насловот, очекуваните резултати и индикаторите. Ова од причини што смета дека очекуваните резултати и индикаторите се работа на комисиите за оценување од кои причини тие две работи не одат заедно. ... „Ако трочлените комисии за следење се редовни, тогаш кај нив треба да останат активнистите: работни посети, увид во предмети, изготвување

извештај... меѓутоа не со овие очекувани резултати и индикатори... тие работи треба да се раздвојат“....

**Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми** смета дека насловот на активноста е во ред и тоа е она што Советот го работи, но не и индикаторите. По однос на истите смета дека нема надлежност во Законот затоа што неможе член на Судски совет да врши анализа на доказите  од причини што тоа е влегување во материјалното право. Индикаторите не се соодветни за работата за која се формира комисијата. Во таа насока предложи да се изврши промена на индикаторите при што како индикатори да бидат наведени реалните активности кои Советот односно трichлените комисии ги прават при посетите. Во таа насока наведе и пример по однос на индикаторот... „укинување одлуки на понизок суд“..., смета дека Советот неможе да кажува дали некоја одлука е правилно укината или не .... “.Од тие причини и смета дека индикаторите мора да бидат сменети.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека се согласува во делот на индикаторите, дека се несоодветно ставени и дека треба да  се стават други индикатори**.**

**Претседателот на Советот** поаѓајќи од околноста дека Интерниот план треба да се донесе до 31.12 2022 година упати прашање до членовите на Советот : – „ Дали Интерниот план да се доразгледа на денешната седница, точка по точка или да се врати на доработка, во кој случај ќе мора да се закаже нова седница од причини што овој документ мора да се донесе до крајот на оваа година“. Во таа насока бидејќи смета дека во  планот не е потребно да се вршат многу корекции, предложи тоа да се направи на денешната седница, дополнувајќи дека прифаќа и  други поинакви мислења.

**Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека доколку за сите членови на Советот како спорен се јавува само овој дел од Интерниот план кој се однесува на точката три,  тогаш смета дека корекциите може да се извршат на денешната седница од причини што се знаат активностите кои Советот ги превзема на терен.

По постигнатиот консензус на членовите на Советот корекциите во Интерниот план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите, за 2023 година да

се извршат на денешната седница се пристапи кон спроведување на корекциите.

По извршените корекции **Претседателот на Советот** на гласање го стави Интерниот план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите, за 2023 година

По гласањето констатира дека со 12 гласа „За“ е донесена следната

## О Д Л У К А

**СЕ УСВОЈУВА** Интерниот план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседтаелите на судовите за период 01.01.2023-31.12.2023 година

**Претседателот на Советот** констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и постапување по 4-та точка од Дневниот ред – „Донесување на Одлука за избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје“.

**Точка 4**

Донесување на Одлука за избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје;

По однос на 4-та точка од Дневниот ред **Претседателот на Советот** укажа дека ќе го презентира Извештајот за избор на судии поротници во Основен кривичен суд Скопје, со оглед на околноста да како член на Советот била координатор за следење на работата на Основниот кривичен суд Скопје.

Во таа насока во продолжение **Претседателот на Советот** информираше дека Основниот кривичен суд Скопје објавил јавен оглас за избор на судии поротници бр.08/2022. По завршување на огласот Претседателот на Основен кривичен суд Скопје до Судскиот совет на Република Северна Македонија со допис 03 Су.бр.632/2022 од 13.12.2022 година доставил предлог листа на кандидати за судии поротници, кои ги исполнуваат законски предвидените услови. Во продолжение **претседателот на Советот** во својство на координатор за работата на Основниот кривичен суд Скопје, истакна дека по разгледување на предлог листата на кандидати, констатирала дека

кандидатите Матеј Насковски, Милисав Таневски, Валентина Мојсоска, Неда Жарки, Дејан Барутоски и Марија Васиќ ги исполнуваат условите за судија поротник. Врз основа на изложеното, а согласно чл.7 ст.2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судови (Сл.весник на РМ бр.83/2018) истакна дека е составена следната предлог листа на кандидати за судии поротници која ја доставува до Советот на усвојување.

**ПРЕДЛОГ-ЛИСТА НА КАНДИДАТИ**
**за судии –поротници во Основен кривичен суд Скопје**

| | ИМЕ | ТАТКОВО ИМЕ | ПРЕЗИМЕ |
|---|---|---|---|
| 1 | Матеј | Миќо | Насковски |
| 2 | Милисав | Методија | Таневски |
| 3 | Валентина | Стојко | Мојсоска |
| 4 | Неда | Ерол | Жарки |
| 5 | Дејан | Тоде | Барутоски |
| 6 | Марија | Александар | Васиќ |

По презентација на предлог листата на кандидатите кои ги исполнуваат условите за избор, **Претседателот на Советот** отвори расправа и побара Судскиот совет на Република Северна Македонија да гласа пријавените кандидати од предложената предлог листа да бидат избрани за судии поротници во Основниот кривичен суд Скопје.

Со оглед да никој од членовите на Советот не се јави за збор, **Претседателот на Советот** на гласање го стави предлогот лицата Матеј Насковски, Милисав Таневски, Валентина Мојсоска, Неда Жарки, Дејан Барутоски и Марија Васиќ да бидат избрани за судии поротници во Основниот кривичен суд Скопје.

По гласањето **Претседателот на Советот** констатира дека со 12 гласа „За“ е донесе следната

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА**
**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**

За судии поротници на Основен кривичен суд Скопје суд Скопје се избрани:

1. Матеј Насковски,
2. Милисав Таневски
3. Валентина Мојсоска,
4. Неда Жарки,
5. Дејан Барутоски и
6. Марија Васиќ.

Оваа одлука влегува во сила од 20.12.2022 година.

**Точка 5**

Разгледување на предлог Законот за кривичната постапка.

По однос на 5-та точка од Дневниот ред **-** Разгледување на предлог Законот за кривичната постапка, **Претседателот на Советот** информираше дека до Судскиот совет на Република Северна Македонија од страна на Министерството за правда на мислење е доставена работна верзија на предлог Законот за кривична постапка изготвена од работна група формирана при министерството за правда . Дополни дкеа предлогот е доставен на разгледување до Советот со цел да се вградат релевантни фактори и да се отстранат одредени слабости од постојниот текст на законот. Истакна дека наведената работна верзија е објавена и на WEB страната на ЕНЕР во екелтронска форма, дополнувајќи дека од Советот се бара да достави мислења, сугестии и забелешки.

**Претседателот на Советот** отвори расправа по оваа точка од Дневниот ред.

За збор се јави **членот на Советот Мери Радевска** и постави прашање:- „Дали во изготвување на оваа верзија на Законот учествувал некој член на  Советот или некој судија„?

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека согласно информациите со кои располага Комисијата која работи на изготвување на предлог Законот за кривичната постапка ја формира министерот за правда и дека тоа е негово дискреционо овластување, дополнувајќи дека Судскиот совет на Република Северна Македонија никогаш не бил известуван кои се членови на наведената комисија, ниту министерството има обврска до Советот да доставува таков вид на информации.

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека има сознанија дека оваа верзија на Законот не е пратена до судиите и судовите. Во таа насока постави прашање: „Дали некој има сознанија дали работната верзија на Законот за кривичната постапка е пратен до судовите“? Во продолжение истакна дека сепак се работи за кривична материја која е сензитивна за граѓаните и дека станува збор за 1/3 променети одредби. Поради наведените околности истакна дека на денешната седница неможе да се произнесе и да даде свое мислење затоа што станува збор за обемен материјал за кој има потреба да се направи компарација на членовите од работната верзија со членовите од постојниот закон. Истакна дека пожелно би било да се пролонгира рокот кој што е даден за произнесување доколку за тоа има можност. Воедно, ја истакна дилемата дали Советот е тој кој што требал да ја достави оваа работна верзија на Законот со судовите или тоа требало да го стори Министерството за правда, дополнувајќи дека еден консензус по овој закон би бил неопходен бидејќи станува збор за навистина важен закон и за реформи во кривичната постапка кои се започнати во 2010 година. Дополни дека и е познато дека имало работна група која 4 година работала на измени на законот, а дали доставениот текст односно работната верзија ги содржи тие измени или станува збор за сосема нови измени истакна дека нема никакви сознанија. Во таа насока побара одлагање на расправата по оваа точка од Дневниот ред доколку временската рамка тоа го дозволува.

**Претседателот на Советот** укажа дека рокот за произнесување по работната верзија на Законот за кривичната постапка бил до 10.12.2022 година дополнувајќи дека е неспорно дека станува збор за системски закон кој е основа за водење на сите постапки од кривичната област. Истакна дека со работната верзија на Законот прв пат се запознала пред два дека кога се подготвувала седницата дополнувајќи дека не и се познати причините зошто материјалот досега не бил доставен до членовите на Советот на произнесување. Смета дека доколку Советот бил консултиран при

изготвување на Законот, односно доколку во работната група имало член од Советот би можело да се дадат одредени сугестии со цел постапките побрзо да се завршуваат и да се дадат конкретни предлози.

**Членот на Советот Мирсад Суроји** истакна дека се согласува со предлогот даден од **членот на Советот Мери Радевска.**

**Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми** процедурално истакна дека при формирањето на работни групи во министерството за правда кои ќе работат на измени и дополнувања на закон се цени кои лица се соодветни за членови на комисијата согласно видот на Законот. Во таа насока истакна дека е сигурен дека во работната група за изготвување на измените на овој закон членувал и некој судија. По однос на мислењето кое се бара и зошто истото се бара истакна дека кога станува збор за предлог закон кој се доставува до три тела на Владата, пред да оди на седница на Влада овие тела бараат по однос на закон задолжително да има мислења од надлежни институции. Во таа накока смета дека причината зошто ни е доставен предлог Законот за кривичната постапка на мислење е со цел да се запази овој формален елемент. Како друга причина ја смета околноста што се работи за Закон од наша област, поради тоа смета дека работната верзија на Законот најверојатно е доставена и до некој суд да се произнесе и да даде свое мислење. Укажа и дека доколку Советот не даде мислење Законот може да помине или да се врати со повторно барање на задолжително мислење. Доколку Советот во овој момент не е подготвен да се произнесе по работната верзија на Законот за кривична постапка смета дека е подобро воопшто да не е одговара отколку да се даде позитивно мислење. Ако Законот повторно биде вратен и се побара задолжително мислење тогаш да се разгледа детално и Советот да се произнесе.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** процедурално истакна дека овој предлог закон е доставен како материјал за колегиум уште пред месец дена. Во продолжение истакна дека се согласува со произнесувањето на **заменик претседателот на Советот** дополнувајќи дека има информации дека во врска со наведениот Закон, Министерството за правда организирало и јавна дебата со учество на повеќе чинители и практичари од судовите што упатува дека на новата верзија на Законот и измените не работела само работната група од Министерството за правда, дека законот долго време се изготвувал и дека ова е последна фаза во која од Советот се бара само некое мислење. Дополни и дека во изминатиот

период од година и половина како што е нејзиното искуство секогаш кога од Советот се барало да се произнесе и даде мислење по Закон, секогаш се давало позитивно мислење.

**Претседателот на Советот** истакна дека во овој момент за неа е прифатлив предлогот на **членот на Советот Мери Радевска** за одлагање на оваа точка од Дневниот ред од причини што во овој момент Советот нема извршено детални анализи и неможе да се произнесе. Во таа насока истакна дека смета дека Советот треба да бара дополнителен рок од Министерството за правда во врска со произнесување по работната верзија на Закноот за кривичната постапка, при што да се укаже дека до 10.12.2022 година не е завршена работата и ако може да се даде дополнителен рок. Поради наведените причини побара да се донесе заклучок со кој од Министерството за правда ќе се побара да даде дополнителен рок за произнесување по предлог Закното за кривичната постапка.

З**аменик претседателот на Советот, Селим Адеми** смета дека не треба од Министерството за правда да се бара да даде дополнителен рок за произнесување, но доколку Советот смета дека до крајот на месецот може да се произнесе по работната верзија тоа да го направи, по што мислењата и завелешките од Советот да бидат доставени до Министерството за правда. Ова од причини што Министерството за правда може Законот да го достави до Влада и без дадено мислење од Судскиот совет на Република Северна Македонија. Доколку пак од министерстовот сметаат дека мислењето на Советот по Законот е задолжително, тоогаш повторно ќе го достават Законот на мислење и ќе побараат произнесување од Советот. Во таа насока предложи во Советот да се формира една работна група составена од членовите на Советот кои работеле на кривична материја, истите да посочат колку рок ќе им треба да го разгледаат текстот на Законот и да дадат мислења и забелешки после што да се прати мислење до Министерството за правда.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека се согласува со ставот на **заменик претседателот на Советот** и дека тоа се активностите кои во моментот Советот може да ги превземе.

**Членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека за неа е ирелевантно кога е добиена работната верзија на законот, дали сега или претходно. Смета дека Судскиот совет на Република Северна Македонија по однос на системските закони треба да биде во тек, односно да не се чека од Министерството за правда да ги

достави на мислење до Советот од причини што законите се објавуваат и на ЕНЕР, па секоја реакција на законите кои се објавени на ЕНЕР е добредојдена при формирање на завршната верзија на законите. Смета дека ова е пропуст на Советот од кои причини истотака побара да се формира работна група состоавена од членовите на Советот кои се судии кривичарии кои во наредниот период во рамките на можностите ќе дадат свои забелешки.

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стевкова** истакна дека проблем е што не е познато во кој дел од Законот е правена измената.

**Членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека за решавање на тој проблем може да се побара од Министерството за правда да ја достави работната верзија при што да биде посочено каде се правени измените, на кој начин ќе им се олесни на членовите на работната група кои ќе работат на разгледување на текстот на предлог Законот.

**Претседателот на Советот** истакна дека е прифатлив предлогот на ч**ленот на Советот Тања Чачарова-Илиевска,** дека ќе предложи да се формира работна група која ќе мора веднаш да стапи во контакт со Министерството за правда, за да укаже во кој дел се измените на законот. **Претседателот на Советот** во продолжение укажа дека ова е неопходно поради краткиот рок во кој членовите на Советот нема да имаа можност да се посветат на разгледување на целиот закон, како и поради околноста што во овој период членовите на Советот се концентрирани на имплементација на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, а не на Законот за кривичната постапка

**Претседателот на Советот** врз основа на дискусиите, а согласно чл.19 ст.1 алинеа 3 од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија предложи да се формира работна група за разгледување и давање мислење по однос на предлог Законот за кривичната постапка. Побара членовите на Советот доброволно да се пријават за членови на работната група.

Со оглед на околноста да никој од членовите на Советот доброволно не се пријави за членување во работната група **Претседателот на Советот** предложи членови на работната група да бидат сите членови на Советот - судии кои работеле на кривична материја.

За кординатор на работната група го предложи **членот на Советот Ивица Николовски** кој ќе има обврска да ја организира и координира работата, а останатите членови да работат на текстот на законот.

**Претседателот на Советот** дополни дека членовите на работната група се задолжени во најкус можен рок да се произнесат по предлог Законот за кривичната постапка.

Согласно наведеното **Претседателот на Советот** констатира дека е донесен следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ФОРМИРА работна група** за разгледување и давање мислење по однос на предлог на Законот за кривична постапка, во состав од членови на Советот и тоа:

1.**Ивица Николовски-**координатор на Работната група;
**2. Сашко Георгиев** -член на Работната група;
3. **Мирсад Суроји** -член на Работната група;
4. **Мери Радевска** -член на Работната група;
5. **Ханиф Зендели** -член на Работната група и
6. **Лорета Горгиева** -член на Работната група.

Комисијата потребно е да ја разгледа работната верзија на предлогот Законот за кривична постапка доставена од Министерството за правда и до Советот да достави мислење по истиот.

**Претседателот на Советот** констатира дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и постапување по 6-та точка од Дневниот ред – „Разгледување на извештајот на Комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери“.

**Точка 6**

Разгледување на извештајот на Комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери

За 6-та точка од Дневниот ред **-** Разгледување на Извештајот на Комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери на кандидатите за претседатели на судови, **Претседателот на Советот** збор даде на претседателот на Комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери, **членот на Советот Сашко Георгиев**.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** во својство на претседател на Комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери наведе дека Комисијата спровела тестирање по оглас за избор на претседатели на судови, објавен во Службен весник на РСМ, бр.266/21. Дополни дека согласно Правилникот за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери на лицата кои се избираат за претседатели на судови тестирањето било спроведено на 14.12.2022 и дека тестот на проверка на практичната работа опфаќал користење на Windows оперативен систем, изработка на документ во Microsoft Word, користење на интернет пребарувач ( Internet Explorer I Firefox Mozilla), преку пристапување на интернет страната на Судскиот совет на Република Северна Македонија, користење на електронска пошта, испраќање на изработениот word документ преку e-mail на кандидатот до-маил адресата testkandidat@ssrm.mk Во продолжение истакна дека кандидатите Хасан Асани и Емењ Кранли Али успешно го положиле тестот.

**Претседателот на Советот** отвори расправа по извештајот.

Откако констатира дека никој не се јави за збор, **Претседателот на Советот** извештајот на Комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери на кандидатите за претседател на суд го стави на гласање и констатира дека со 12 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот на Комисијата за проверка на знаењето на практична работа со компјутери бр.02-2023/2 од 14.12.2022 година, за кандидатите за претседатели кои успешно го положија тестот:

**Претседателот на Советот** истакна дека во продолжение ќе се презентира извештајот на Комисијата за проверка на

знаењето на практична работа со компјутери за кандидатите за судии во повисок суд.

Во таа насока збор повторно збор даде на претседателот на Комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери, **членот на Советот Сашко Георгиев**.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** во својство на претседател на Комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери наведе дека Комисијата спровела проверка на знаењето на практична работа со компјутери по оглас за избор на судии во повисок суд, објавен во Службен весник на РСМ, бр.154/21 Дополни дека согласно Правилникот за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери на лицата кои се избираат за судии или судии поротници тестирањето било спроведено на 19.12.2022 и дека тестот на проверка на практичната работа опфаќал користење на Windows оперативен систем, изработка на документ во Microsoft Word, користење на интернет пребарувач ( Internet Explorer I Firefox Mozilla), преку пристапување на интернет страната на Судскиот совет на Република Северна Македонија, www.ssrm.mk и користење на електронска пошта, испраќање на изработениот word документ преку e-mail на кандидатот до е-маил адресата testkandidat@ssrm.mk Во продолжение истакна дека кандидатите кои се јавиле на огласот за избор на судија во повисок суд Александар Милошевски од Основен кривичен суд Скопје и Емине Мурати од Основен суд Гостивар успешно го положиле тестот.

**Претседателот на Советот** отвори расправа по извештајот

Откако констатира дека никој не се јави за збор, **Претседателот на Советот** извештајот на Комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери на кандидатите за судии во повисок суд го стави на гласање и констатира дека со 12 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**СЕ УСВОЈУВА** извештајот на Комисијата за проверка на знаењето на практична работа со компјутери бр.02-2023/3 од 19.12.2022 година, за кандидатите за судии во повисок суд кои успешно го положија тестот:

**Претседателот на Советот** констатира дека е исцрпена 6-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и постапување по 7-та точка од Дневниот ред – „Формирање на комисија за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите за избор на судии на Апелационен суд Скопје и Апелационен суд Штип, Основен суд  Берово, Основен суд Битола и Основен суд Крушево“.

**Точка 7**

**Формирање на комисија за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите за избор на судии на Апелационен суд Скопје и Апелационен суд Штип, Основен суд  Берово, Основен суд Битола и Основен суд Крушево**

**Претседателот на Советот** истакна дека во врска со распишаните огласи за избор на претседатели на Апелационен суд Скопје и Апелационен суд Штип, Основен суд  Берово, Основен суд Битола и Основен суд Крушево на денешната седница ќе се пристапи кон формирање на Комисија која треба да изврши проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите за избор на судии на Апелационен суд Скопје и Апелационен суд Штип, Основен суд  Берово, Основен суд Битола и Основен суд Крушево

За збор се јави **заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми** предложи членови на комисијата да бидат членовите на Советот кои се послободни и имаат помалку ангажмани во наведениот период.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** предложи составот на комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите за избор на судии да се избере како што тоа се правело досега, односно по  пат на ждрепка.

**Претседателот на Советот** предложи при изборот на составот на комисијата од ждребување да биде исклучен **членот на Советот Мери Радевска** и **заменик претседателот на Советот Селим Адеми**.

**Претседателот на Советот** отвори расправа по предлогот. Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор истакна дека ќе се премине на формирање на Комисијата за

проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите за претседатели на Апелационен суд Скопје и Апелационен суд Штип, Основен суд  Берово, Основен суд Битола и Основен суд Крушево.

Во таа насока констатира дека се обезбедени 10 ливчиња ставени во коверти, па во соодветна кутија и по редослед секој од членовите извлекува коверт, освен **членот на Советот Мери Радевска** и **заменик претседателот на Советот Селим Адеми** кои се ослободени од ждребување.

По извлекување на ливчињата, секој член се изјасни какво ливче извлекол, односно дали е член на комисијата или не. Согласно спроведеното извлекување на ливчињата по пат на ждрепка, П**ретседателот на Советот,** констатира дека членови на Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите за избор на судии, се **членовите на Советот Ханиф Зендели, Лорета Горгиева и Тања Чачачрова-Илиевска.**

**Претседателот на Советот,** констатира дека по изборот на членовите на Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите за претседатели на Апелационен суд Скопје и Апелационен суд Штип, Основен суд Берово, Основен суд Битола и Основен суд Крушево по пат на ждрепка, ќе се пристапи кон избор на Претседател на Комисијата при што кон извлекување на ливчиња ќе пристапат само членовите на Советот кои се членови на комисијата.

По спроведеното извлекување ливчиња од страна на секој од членовите на Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите за претседатели на Апелационен суд Скопје и Апелационен суд Штип, Основен суд Берово, Основен суд Битола и Основен суд Крушево, **Претседателот на Советот** констатира дека претседател на Комисијата е **членот на Советот Ханиф Зендели** и дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

-

Се формира Комисија за проверка на навременост на пријавите и комплетноста на документите по објавен огласза избор на претседател на Апелационен суд Скопје („Сл.весникна РСМ“ бр.269/22 од 14.12.2022) и по објавен оглас за избор на претседатели на Апелационен суд Штип, Основен суд  Берово, Основен суд Битола

и Основен суд Крушево („Сл.весник на РСМ“ бр.244/22 од 15.11.2022), во состав од:

- **-Ханиф Зендели**– претседател на Комисијата
- -**Лорета Горгиева**– член на Комисијата и
- -**Тања Чачарова Илиевска**– член на Комисијата.

**Претседателот на Советот** констатира дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и постапување по 8-та точка од Дневниот ред – “Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд“, за која јавноста е исклучена.

**Точка 8**

**Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд**

Пред почетокот на расправата по 8-та точка од Дневниот ред **Претседателот на Советот** истакна дека во оваа точка ќе се разгледуваат материјали кои се од доверлива природа. Поради наведеното предложи исклучување на јавноста од следење на 8-та точка од Дневниот ред.

Предлогот за исклучување на јавноста од следење на 8-та точка од Дневниот ред го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 12 гласа „За“ јавноста е исклучена од следење на 8-та точка од Дневниот ред.

Во таа насока констатира дека преставникот на Коалицијата „Сите за правично судење“ и преставникот на Институтот за човекови права ја напуштија седницата**.**

**Точка 9**

**Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија**

Пред почетокот на расправата по 9-та точка од Дневниот ред **Претседателто на Советот** констатира дека јавноста е повторно присутна на седницата на Советот.

По однос на 9-та точка од Дневниот ред - Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија, П**ретседателот на Советот** истакна дека самата ќе започне со изложување на претставка која што и била доделена во работа во периодот пред да биде избрана на функцијата претседател на Судски совет на Република Северна Македонија, по што редоследно ќе реферира секој член на Советот.

**Претседателот на Советот** во продолжение пристапи кон изложување на претставката и наведе дека преставката во делот на одлуката по однос на надлежноста е основана бидејќи се работи за процесна повреда, а не за судиско убедување. Истакна дека од тие причини нема веднаш да излезе со предлог, туку ќе побара од останатите членови на Советот да се произнесат поради дилемата која и се јавува, дополнувајќи дека е неспорно дека станува збор за судска одлука, но од друга страна по однос на стварната надлежност судијата треба да внимава по службена должност и да одлучи веднаш, а не да чека на напатствија од повисок суд и на одлуката да се чека 2 години од причини што настануваат трошоци.

**Претседателот на Советот** отвори расправа по изложената претставка истакнувајќи дека по расправата ќе го даде својот предлог. Дополни дека процедурално предлог мора да го изложи од кои причини истакна дека смета дека преставката е делумно основана .... со наводи дека доколку од расправата произлеze поинакво размислување ќе го промени предлогот.

За збор се јави **членот на Советот Тања Чачачрова Илиевска**. Истакна дека нема дилема дека во овој дел преставката треба да биде основана од причини што станува збор за повреда на процесните одредби на кои судијата мора да внимава при водење на постапката. Поради наведеното смета дека не е во ред во овој дел на подносителот да му се доставуи одговор дека преставката е неоснована бидејќи судијата во старт треба да внимава на процесните одредби.

**Членот на Советот Зоран Герасимовски** истакна дека по однос на надлежноста судијата требал да внимава уште во фазата

на претходно испитување на тужбата, дали е надлежен или не, за тоа да одлучи со процесно решение,  па  дури потоа да одлучува по тужбеното барање. Поради наведеното дополни дека се согласува со ставовите на **претседателот на Советот и членот на Советот Тања Чачачрова-Илиевска** дека во тој дел преставката е основана.

**Претседателот на Советот** во насока на информирање на членовите на Советот истакна дека тужбата била поднесена на 01.10.2020 година, а одлуката со која се судијата се огласува за ненадлежен била донесенан на 07.09.2022 година, односно 2 години без еден месец.  Дополни дека ваквото постапување на судијата предизвикало настанување на трошоци

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стевкова** истакна дека еден од наводите во преставката е дека тужениот во одговор на тужба се повикува на конкретно решение кое не го приложува во прилог на одговорот на тужба иако се повикува на истото. Странката појаснува дека и преотворањето на расправата било со цел да се достави наведеното решение, поради што судот донел решение за преотворање на расправата бидејќи судијата увидел дека неможе да одлучи без да види дали во решението донесено од тужениот навистина било одлучувано за трошоци на кривична постапка. Поаѓајќи од наведеното смета, како што се и напатствијата на второстепениот суд кога еднаш укинал, дека судијата неможел кога ја примил тужбата да се произнесе по однос на својата надлежност.... „ние ја немаме пред нас тужбата, но факт е дека тоа решение не е приложено со тужбата, прв пат се истакнува во одговорот на тужениот но не се приложува као доказ, а се произлегува од тоа решение КО број од 25.09.2020 година“... Поради наведеното смета дека судијата неможел од старт да се произнесе дали е надлежен или не, односно требал да го цени наведеното решение, па да утврди околу својата надлежност. Тој дури по носење на првостепената пресуда вели дека не е надлежност на судот да испитува основаност или неоснованост на решение на друг орган, конкретно решението на обвинителството бидејќи се работи за решение кое е донесено од страна на обвинителството. Поради наведеното ч**ленот на Советот Мирјана Радевска-Стевкова** смета дека доколку се одлучи дека преставката е основана се навлегува во одлуката на судот која ја донел... „тоа е моето мислење. Немоќам да сметам дека станува збор за строга повреда на процесните докази.... бидејќи секоја странка е должна во прилог со своите наводи да достави и докази и не е ниту работа на судот да го задолжува“.....

**Претседателот на Советот** истакна дека можеби на почетокот на расправата и не бил доставен доказ, но судијата имал уште четири расправи и била должна да го утврди тој факт или да го задолжи со достава на решението. Тоа не е наоправено поради што сметам дека судијата не ги презела сите дејствија. Во таа насока изјави дека останува на предлогот кој го дала на почетокот.

Ч**ленот на Советот Тања Чачачрова-Илиевска** во врска со наводите на **членот на Советот Мирјана Радевска-Стевкова** истакна дека смета дека одредбите на ЗПП предвидуваат и обврска на страните да доставуваат докази со тужба и одговор на тужба, најдоцна до завршување на подготвителното рочиште.... „не се сомневам дека судијата го имал тој доказ"...

**Претседателот на Советот** истакна дека тој факт по однос на доставувањето на тој доказ судијата го занемарил, немало волја кај судијата. Поради изнесеното истакна дека во овој момент го преформулира предлогот – „дека преставката е основана", бидејќи така зборуваат фактите особено што судијата која го носи решението кажува дека врз основа на напатствијата на Апелациониот суд, а ни во еден момент не успеала да ја утврди таа состојба и да го задолжи тужениот да го достави тој доказ. Во таа насока предложи да се донесе одлука по што преставката да се проследи до координаторот надлежен за следење на работата на Основниот граѓански суд Скопје, да го испита случајот. Дополни дека неможе да даде предлог дека преставката е неоснована бидејќи има повреда, особено со поднесување на тужба, но дека судијата сепак имала можност во наредните 4-5 расправи кои се држени тој факт да го утврди, но едноставно тој факт е занемарен, иако истиот бил релевантен дали е судот надлежен или ненадлежен да постапува.

По завршување на расправта, откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор, **Претседателот на Советот** ги стави на гласање предлогот на известителот **Весна Дамева по** изложената претставка истакнувајќи дека во овој момент преставката е основана.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За" и 2 гласа „Против" е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП бр. 08-349/1 од 04.10.2022 година.** Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основен граѓански суд Скопје, по предметот МАЛВТС.бр.228/20, презаведен во МАЛВТС.бр.177/22, основ долг трошоци во кривична постапка. Од страна на подносителот и претходно е доставена претставка во Советот заведена во под УПП.бр.08-541/2021 од 05.10.2021 година, со идентични наводи која беше повлечена со допис од 15.11.2021 година и истата е архивирана со службена белешка. Меѓутоа, сега повторно подносителот ги изнесува истите наводи со дополнување дека при повторното постапување судијата не постапила по напатствијата на Апелациониот суд Скопје и дека нестручно и несовесно, со прекршување на бројни одредби од ЗПП донела решение од 07.09.2022 година со кое се огласува за ненадлежна и дека на судијата и биле потребни две години да утврди дали предметот е во судска надлежност. Нагласуват дека во правниот поредок за иста правна работа постоела правосилна судска одлука МАКВП.бр.134/10 на Основниот суд Прилеп и дека судијата уште еднаш го повредила правото на разумен рок на судењето, бидејќи со кршење на одредбите од ЗПП без одржување на нова главна расправа по повеќе од 60 дена од приемот на второстепената е донесено оспоруваното решение. Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од судијата и од истата произлегува дека против донесената одлука е поднесена жалба и дека наводите во претставката се жалбени наводи кои треба да бидат предмет на оценка од страна на повисокиот суд во смисла на чл.13 ст.3 од Законот за судовите и дека во конкретниот случај судијата благовремено постапил по насоките на повисокиот суд и дека не треба да се прејудицира евентуалната одлука на повисокиот суд,како и тоа дека претставката е со цел евентуално да се влијае и да се врши притисок во жалбената постапка.Советот ги ценеше и наводите за пристрасно водење на постапката, но се констатира дека истите се паушални и непоткрепени со докази, дотолку повеќе што во текот на постапката подносителот можел да го користите институтот изземање, ако сметал дека судијата постапката по наведениот предмет ја води пристрасно. По однос на наводите кои се однесуваат на пречекорување на роковите во постапката се констатира дека главната расправа се одржала на ден 14.07.2021 година, а на 30.08.2021 година закажана е објава на пресудата, но е преотворена расправата и закажана е главна расправа за 28.09.2021 година, бидејќи тужениот не можел во краткиот рок да ги достави доказите и истата е одложена за 30.11.2021 година.Согласно член 291 став 2 од ЗПП, главната

расправа која е повторно отворена мора да се закаже и да заврши во рок од 30 дена од денот на нејзното повторно отворање. На 15.12.2021 година судијата донела пресуда со која го одбила како неосновано тужбеното барање. Апелациониот суд Скопје со решение ТСЖ.бр.532/22 од 16.06.2022 година, ја уважил жалбата и ја укинал првотепената пресуда и предметот го вратил на повторно одлучување. При повторното постапување судијата на ден 07.09.2022 година донела решение со кое се огласила за ненадлежна. Врз основа на сето погоре наведено, Советот најде дека наводите изнесени во претставката во поглед на пречекорувањето на законските рокови се основани, заради што е потребно координаторот за следење на работата на Основниот граѓански суд Скопје да спроведе дополнителни извиди и согласно утврденото да преземе дејствија согласно закон.

**Претседателот на Советот** даде збор на наредниот известител, ч**ленот на Советот Мирјана Радевска-Стевкова** да пристапи кон реферирање на претставките.

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стевкова** ги изложи претставките и наведе дека нема основ за одговорност на судиите кои постапувале по предметите.

**Претседателот на Советот о**твори расправа по излагањето на известителот.

Откако констатира дека никој не се јави за збор, **Претседателот на Советот** го стави на гласање предлогот на известителот **Мирјана Радевска-Стевкова** по изложените претставки**.** Предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот .

По гласањето констатира дека со 12 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП.бр.08-243/2022.** Претставката УПП.бр.08-243/2022 од 13.06.2022 година поднесена од Сања Јованова од Велес, Советот ја разгледа на седница одржана на ден 20.12.2022 година и одлучи по истата да не постапува. Имено, согласно член 5 став 1 од Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите ("Службен весник на РМ, бр.2/2009) кога наводите во претставката, односно предлогот се нејасни и нецелосни,

овластеното службено лице може да побара од подносителот дополување, допрецизирање или појаснување најдоцна до пет дена од приемот на претставката. Со оглед на тоа што по барањето за дополнување-прецизирање од 22.11.2022 година, не е постапено односно не е извршено дополнување-прецизирање на претставката во предвидениот рок, Советот одлучи по претставката да не постапува и истата да се архивира. **Претставка УПП.бр.08-376/2022** Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по дополнетата (потпишана) претставка во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, член 36 став 1 алинеја 15и член 36 став 2од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (“Службен весник на РМ” бр.102/19), ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 20.12.2022 година и по расправата констатира дека е неоснована од следните причини. Во претставката подносителот наведува дека се работи за предмет на Основен граѓански суд Скопје П1.бр.481/20, каде подносителот е тужител. Истиот бил наследник на куќата на неговиот татко согласно документите: договор за купопродажба од 1907 година, локација за градење од 1987 година, решение за приватизација со надомест од 16.04.2010 година, У.бр.25-2393/2. Од овие документи е видно дека инвеститорот е сопственик на објектот и земјиштето согласно договорот за купопродажба од 1907 година. По поднесено барање за приватизација од 26.04.2010 година го добил решението за откуп на земјиштето во површина од 846 м2. Решението го доставил во катастар, меѓутоа од катастар му укажале дека пријавата м у е одбиена поради несовпаѓање на податоци од 69 м2 вратени со денационализација, за да на крај тие 69 м2 останат во површина од 836 м2 по ДУП. Тужениот Абдулазис Биљал на незаконит начин со лажна изјава дека го поседувал целото земјиште од 836 м2 по негов геодетски елбаорат и без право на откуп освен земјиште под куќа и службена употреба за го упише, но и тој не можел да го упише, извршил упис и добил Имотен лист бр.16094 со сега неважечкото решение на 836 м2. Наведува дека на незаконит начин бил упишан во катастарот. Тужениот Абдулазис Биљал купил објект од братот на тужителот (подносителот на претставката) – Владо Николовски во површина од 64 м2 во 2008 година, кое преставувало доградба до кужата на подносителот. На првото рочиште побарал времена мерка, а на записник тужениот дал изјава дека ќе живее во објектот односно нема да го оттуѓува недвижниот имот. Потоа биле упатени на Управен суд Скопје, за потоа пак да бидат вратени во граѓанскиот суд. Тужениот во 2016 година го оттуѓил односно го продал целиот имот – доградбата и земјиштето во ИЛ бр.16094, во кој е и куќата на подносителот од 112 м2 во основа. Новиот сопственик бил Демирали

Исљами. Новиот сопственик правел куќа од 4 спрата со близу 700 м2 корисна површина без дозвола за градба, за кое нешто подносителот реагирал до надлежните органи, но никој не реагирал соодветно. Подносителот повторно завел тужба против Абдулазис Биљал кој иако немал имот подносителот смета дека е одговорен за незаконската постапка. Првата пресуда, со која била одбиено тужбеното барање, била укината од второстепениот суд. Потоа првостепениот суд повторно донел иста пресуда П1.бр.481/20 од 24.12.2021 година, но овој пат по поднесена жалба од подносителот, Апелациониот суд Скопје донел пресуда ГЖ.бр.830/22 од 27.05.2022 година со која ја потврдил првостепната пресуда. Од спроведените извиди, увидот во претставката и прилозите на претставката, Советот најде дека со донесувањето на пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.830/22 од 27.05.2022 година подносителот го искористил правото на жалба и постапката е правосилно завршена. Наводите во претставката како жалбени наводи ги ценел второстепениот суд при одлучувањето по жалбата. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. **Претставка УПП.бр.08-397/2022 -** Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, член 36 став 1 алинеја 15 и член 36 став 2од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ("Службен весник на РМ" бр.102/19),ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 20.12.2022 година и по расправата констатира дека е неоснована од следните причини. Во претставката подносителот наведува дека на 11.03.2022 година пред Врховниот суд на РСМ заведен бил предмет ПСРРУ.бр.12/2022 по барање за судење во разумен рок, а во врска со предметот на Управниот суд Скопје У-2.бр.343/2021. Се работело за предмет за денационализација, за кој се поминати повеќе од 15 години односно од 2007 година. Во постапката биле донесени повеќе одлуки, како пред органот на управата, така и пред Управниот суд Скопје. Наведува дека Управниот суд Скопје не постапувал по предметот и покрај одобрените приоритети од Претседателот на судот. Смета дека има повреда на член 6 од Европската конвенција за човекови права, а по Законот за денационализација постапката е итна. Оттука подносителот смета дека судијата кој постапувал по предметот во Врховниот суд на РСМ постапувал несовесно, неодговорно и крајно незаконито. Наведува дека наместо Врховниот суд на РСМ да ја забрза постапката која трае предолго и да го задолжи Управниот суд Скопје да го реши

предметот со полна јурисдикција, и овој суд го крши основното начело на Европската конвенција за човекови права, за судење во разумен рок. Од спроведените извиди, увидот во претставката и изјавата на судијата известител од Врховниот суд на РСМ,Советот најде дека откако подносителот на ден 11.03.2022 година до судот доставил барање за судење во разумен рок заведено под ПСРРУ.бр.12/2022, предметот бил даден на судијата во работа на 14.03.2022 година. Кон барањето не бил поднесен доказ за лична идентификација на подносителот и не биле дадени доволно податоци за судскиот предмет и постапката. Поради тоа со писмо од 21.03.2022 година било побарано подносителот да го уреди барањето односно да достави фотокопија од лична карта и да даде концизен приказ на предметот на барањето. Подносителот постапил по барањето на 04.04.2022 година. Врховниот суд на РСМ со писмо од 22.03.2022 година и ургенција од 27.04.2022 година ги побарал списите по предметот ДН.бр.19-08-1724/1 од Комисијата за одлучување по барањата за денационализација, потоа со писмо од 27.04.2022 година побарани биле списите од Управниот суд Скопје на предметот У-2.бр.343/2021, Уи.бр.76/2015 и У-2.бр.466/2013. На 21.09.2022 година биле доставени од Управниот суд Скопје списите по предметот У-2.бр.343/2021, а на 04.10.2022 година биле доставени списите по предметот У-2.бр.466/2013. Со ургенција од 12.10.2022 година побарано било од Управниот суд Скопје да се достави предметот Уи.бр.76/2015, и на 19.10.2022 година бил доставен истиот, за потоа на 31.10.2022 година предметот да биде референиран и донесено решение ПСРРУ.бр.12/2022 на 31.10.2022 година, а верификувано на 07.11.2022 година. Од наведеното, по наоѓање на Советот, Врховниот суд на РСМ постапувал совесно и ефикасно по поднесеното барање за судене во разумен рок, од причина што по прибавување на потребните списи од Комисијата за одлучување по барањата за денационализација и Управниот суд Скопје, заклучно со 19.10.2022 година, донел решение ПСРРУ.бр.12/2022 на 31.10.2022 година, кое е верификувано на 07.11.2022 година. **Претставка УПП.бр.08-400/2022 -** Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, член 36 став 1 алинеја 15и член 36 став 2од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (“Службен весник на РМ” бр.102/19), ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 20.12.2022 година и по расправата констатира дека е неоснована од следните причини. Во претставката подносителот наведува дека се работи за предметот ВПП.бр.13/20 на Основниот суд Радовиш. Според истиот веќе 5 години Апелациониот суд Штип не го решил

предметот ВПП.бр.13/20 односно непостапувал во разумен рок за донесени 10 решенија од Основен суд Радовиш и 4 одлагања на расправата. Од последното решение судот не се произнел веќе 2 години, а согласно ЗПП најдолгиот рок за постапките по жалба изнесува 6 месеци. Од спроведените извиди, увидот во претставката, прилозите на претставката и изјавата на Претседателот на Апелациониот суд Штип, Советот најде дека дека предметот ВПП.бр.13/20 на Основниот суд Радовиш, во Апелациониот суд Штип е заведен под ГЖ.бр.3/20. Била донесена одлука на 15.01.2020 година со која жалбата била усвоена и укинато првостепното решение. Предметот ГЖ.бр.3/20 бил испратен на првостепениот суд на 13.02.2020 година. Откако била донесена одлуката на Основниот суд Радовиш, сега под нов ВПП.бр.22/19 од 18.11.2020 година, истиот не бил доставен во Апелациониот суд Штип. Подносителот доставил ургенција до првостепениот суд да се утврдат причините поради кои причини предметот не бил решен односно дали против одлуката од 18.11.2020 година имало изјавена жалба. Во одговорот на ургенцијата, Претседателот на судот му укажал на подносителот дека решението било уредно примено од странките и бидејќи во судот не била пристигната жалба, решението на ден 12.12.2020 година станало правосилно, а на 06.01.2021 година и извршно. На 11.02.2021 година предметот бил архивиран. Основниот суд Радовиш извршил увид во предметот и утврдил дека нема жалба, па се обратил до Државното правобранителство со барање дали била пдонесена жалба. Од Државното правобранителство судот бил известен дека жалба има, меѓутоа не била приложена во предметот и од таа причина предметот не бил доставен до второстепениот суд. Потоа првостепениот суд го известил второстепениот суд дека ќе бидат преземени мерки од застапникот на предлагачот на начин што ќе биде поднесено барање за укинување на потврдата за правосилност, по што предметот ќе биде доставен до второстепениот суд на одлучување по жалбата. Имајќи го предвид наведеното, видно е дека откако првостепениот суд утврдил дека нема жалба, се обратил до Државното правобранителство со барање дали била поднесена жалба. Државното правобранителство го известил судот дека жалба има, меѓутоа не била приложена во предметот заради што предметот не бил доставен до второстепениот суд. Бидејќи од застапникот на предлагачот ќе биде поднесено барање за укинување на потврдата за правосилност, предметот ќе биде доставен до второстепениот суд на одлучување по жалбата. Бидејќи наводите во претставката воедно преставуваат и жалбени наводи, второстепениот суд ќе ги има предвид при одлучувањето по жалбата. Согласно член 13 став 3 од Законот за

судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. **Претставка УПП.бр.08-424/2022 -** Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, член 36 став 1 алинеја 15 и член 36 став 2од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ("Службен весник на РМ" бр.102/19), ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 20.12.2022 година и по расправата по истата копнстатира дека е потребно да се извести подносителката дека видно од смата претставката, каде се изразува незадоволство од работата на Основниот граѓански суд Скопје по предметот П1.бр.690/17, Судскиот совет на РСМ најде дека на истата веќе и е одговорено со известување УПП.бр.08-15/22 од 01.12.2022 година, а од одржана седница на Советот од 26.10.2022 година. Бидејќи во оваа нова претставка од 05.12.2022 година не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, во смисла на чл.11 од Законот за постапување по претставки и предлози ("Сл. весник на РМ"бр.82 од 8 јули 2008 год.), постапувањето од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија нема да се повтори. Советот исто така констатира дека е потребно претставката да се архивира со службена белешка. Имено, во конкретниот случај, од причини што во претставката УПП.бр.08-424/2022 од 05.12.2022 година не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување во смисла на чл.11 од Законот за постапување по претставки и предлози ("Сл. весник на РМ" бр.82 од 8 јули 2008 год.), а за што впрочем на подносителката по претставката и било одговорено со известување УПП.бр.08-15/2022 од 13.01.2022 година, најсоодветно е предметот да се архивира. **Претставка УПП.бр.08-430/2022 -** Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, член 36 став 1 алинеја 15 и член 36 став 2од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ("Службен весник на РМ" бр.102/19), ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 20.12.2022 година и по расправата констатира дека е неоснована од следните причини. Во претставката подносителот изразува незадоволство од Основен суд Струга по предметите П1.бр.219/15 и П1.бр.286/16. Наведува дека судијата кој ги водел предметите не ги почитувал исказите на расправите, додавал невистини, со што ја менувал суштината, а посебно исказот на подносителот на записник од 23.02.2016 година. Истиот имал поднесено и приватна кривична

тужба против судијата. Од спроведените извиди, увидот во претставката, прилозите на претставката и од извршениот увид во контролникот на судовите, Советот најде дека судот донел пресуда П1.бр.219/15 која била укината од страна на второстепениот суд, па предметот бил презаведен под П1.бр.286/16 по кој е донесена и објавена пресуда на 20.03.2017 година, со која тужбеното барање на подносителот било одбиено како неосновано. Потоа била изјавена жалба од подносителот и донесена второстепена пресуда врз основа на која првостепената одлука станала правосилна. Од наведеното произлегува дека наводите во претставката можеле да бидат предмет на оценка од страна на повисокиот суд, како жалбени наводи. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

По изложување на преставките од страна на членот на **Советот Мирјана Радевска-Стевкова, Претседателот на Советот** информираше дека од страна на **членот на Советот Миљазим Мустафа** е побарано поскоро да пристапи кон реферирање на пријавените преставки за денешната седница со оглед да подоцна има закажано неодложен состанок. Поради наведената причина **Претседателот на Советот** предложи да се даде предност кон реферирање на преставките да пристапи **членот на Советот Мињазим Мустафа.**

Откако останатите членови на Советот се согласија со предлогот на **Претседателот на Советот**, претседателот на Советот збор даде на **членот на Советот Мињазим Мустафа** да пристапи кон изложување на преставките, по што ја напушти седницата.

Раководењето со седницата го превзема **заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми.**

**Членот на Советот Миљазим Мустафа** пристапи кон изложување на претставките, при што наведе дека нема основ за одговорност на судиите кои постапувале по предметите.

**Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми** отвори расправа по излагањето на известителот.

Со оглед да никој од членовите на Советот не се јави за збор, **заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми** го стави на

гласање предлогот на известителот **Мињазим Мустафа** по изложените претставки. Предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот.

По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП бр.08-124/22 -** се изразува незадоволство од постапување на судии на Управен суд по предмет. Од прибавено писмено известување од судот произлегува дека на ден 08.07.2021 година во Управниот суд е примена жалба на пресудата на овој суд. На ден 10.09.2021 година Управниот суд поднесената жалба ја доставил на одговор со барање за доставување на списи од тужениот орган. Со оглед на тоа што тужениот орган до судот се уште не доставил одговор на жалба, од страна на Управниот суд повторно е доставено писмено за одговор на жалба и ургенција до тужениот орган. Од страна на судот е наведена дека по комплетирање на предметот со списите кои ќе бидат доставени до Управниот суд од страна на тужениот орган, предметот ќе биде пратен до Вишиот управен суд како надлежен повисок суд кој ќе ги испитува наводите на подносителот и незадоволството на поднсоителот од донесената одлука на Управниот суд. Советот најде дека наводите во претставката се неосновани. **Претставка УПП бр.08-222/22** препратена на надлежност преку Владата на Република Северна Македонија се однесува на постапувањето на Основен суд Струга по барање на подносителот за покренување на истражна постапка поврзана со предмет кој се води пред судот Од увид во списите кон претставката се утврди дека Основниот суд Струга поднесеното барање за покренување на истражна постапка на подносителот на претстваката го доставил на надлежно постапување до Основно јавно обвинителство Струга, Основно јавно обвинителство Струга донел решение на 23.08.2021 година со кое го отфрлил барањето на подносителот бидејќи настапила застареност на кривичното гонење. По повод ова решение подносителот доставил дополнително барање до Основниот суд Струга за да судот го повика и го сослуша лицето против кое е поднесено барањето за поведување на истражна постапка за да даде писмена изјава во врска со склучен договор од 1977 година на кое се однесува и предметното барање за поведување на истражна постапка. Основниот суд Струга постапувајќи по ова барање, писмено го известил подносител дека за постапување по барањето надлежен е ОЈО Струга до каде треба истото да биде поднесено.

Советот најде дека во конкретниот случај нема незаконитост во постапување на Основниот суд Струга, па оттука наводите на подносителот се неосновани. **Претставка УПП бр.08-288/22** се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Гостивар по предметот затоа што не ја сопрел постапката спрема обвинетиот заради пресудена работа со правосилна пресуда на овој суд.Од прибавена изјава на судијата кој постапува по предметот произлегува дека по предметот Основниот суд Гостивар со пресуда донесена на 29.03.2022 година спрема обвинетиот го одбил обвинението врз основа на член 402 став 1 т. 3 од ЗКП бидејќи во завршен збор ЈО при ОЈО Гостивар извршил прецизирање на обвинителниот предлог на начин што спрема обвинетиот се повлекува обвинението. Во однос на наводите дека судијата не ја сопрел постапката спрема обвинетиот заради пресудена работа со правосилна пресуда на овој суд, се наведува дека по отпочнување на главната расправа судот бил известен за донесената пресуда, па по извршен увид во предметот на овој суд утврдил дека против обвинетиот поднесена е приватна кривична тужба за кр.дело “Телесна повреда“ од член 130 став 1 од КЗ, која постапка правосилно е окончана со пресуда на Апелационен суд Гостивар. Во конкретниот предмет како и во секој друг предмет судијата е должен врз основа на изведените докази и факти правилно да ја утврди фактичката состојба и да донесе одлука за заснована на закон, како и во случајот со донесување на пресудата Во образложението на пресудата се наведени причините за донесување на истата и незадоволните страни имале право на жалба, кое право подносителот не го искористил.Во однос на трошоците по носење на одбивателната пресуда паѓаат на товар на буџетот неспорно, а судот дополнително со решение ќе се произнесе за трошоците по оваа пресуда. Советот најде дека наводите во претставката се неосновани. **Претставка УПП бр.08-342/22** се изразува незадоволство поради присуство на судија на Основен суд Прилеп на рочиште по предмет кој се води пред Основен суд Гостивар со наводи дека постои блискост со купувачот и со тоа влијание врз постапувањето на судечкиот судија по предметот. Од прибавена изјава на судечкиот судија на Основен суд Гостивар по стечајниот предмет произлегува дека стечајната постапка над должникот е заклучена со решение донесено во 2005 година . По предлог за преотварање на стечајната постапка поднесен 07.07.2022 година поради новопронајден имот заведен е предметот по кој е одржано јавно рочиште на 20.09.2022година каде предлогот е усвоен и на ова рочиште кое е јавно присуствувал подносителот.Од прибавената изјава на судијата на Основен суд Прилеп на кој се однесува

претставака и дека со своето присуство на рочиште пред Основен суд Гостивар влијаела во постапување на судечкиот судија, Советот најде дека се неосновани. Ова со оглед  да овој судија на ден 20.09.2022 година судел по предмети во Основниот суд Прилеп видоно од  приложените записници од одржана главна  расправа пред овој суд. Во однос на наводите дека судијата е во пријателски односи со лицето кој се јавува  како купувач во стечајната постапка судијата наведува дека истиот лично воопшто не го познава.Советот најде дека наводите на подносителот се неосновани. **Претставка УПП бр.08-373/22** насловена како Пријава за сторени неправилности се однесува на постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет.Од прибавената изјава на судијата кој постапува по предметот произлегува дека  Основен граѓански суд Скопје со пресуда го одбил тужбеното барање во целост. По изјавена жалба пресудата била укината од Апелациониот суд Скопје и при повторно постапување предметот пред Основен граѓански суд Скопје добива нов П1бр.Во однос на наводите дека судечкиот судија при повторно одлучување ги цени материјланите и вербални докази на еден начин воповторената постапка спротивно на привичното свое уверување, се наведува дека се несоновани од причина што Основниот граѓански суд првично ги ценел сите материјални докази и при повтореното само со дополнување при анализа на доказите согласно на напатствијата на второстепениот суд со решението .Советот најде дека при повторно постапување и одлучување покрај веќе изведени докази во постапката судот водел сметка и за напатствијата на второстепениот суд со решение , каде првостепениот судија согласно член 366 став 1 од ЗПП е должен да постапи согласно напатствија на второстепениот суд и истиот во конкретниот случај постапил по истото. Со оглед да предметот е во жалбена постапка пред Апелациониот суд Скопје, наводите на подносителот кои се жалбени наводи ќе бидат предмет на оценка од страна на надлежен повисок суд. **Претставка УПП бр.08-380/22** се однесува на постапувањето на судија на Основен суд Куманово по предмет. Од увидот во списите кон претставката се утврди дека Основниот суд Куманово со решение приговорот на доверителот против заклучок за продажба по поднесено Барање за извршување од доверител се одбива како неоснован. Со оглед да предметот е во жалбена постапка пред Апелациониот суд Скопје, наводите на подносителот кои се жалбени наводи ќе бидат предмет на оценка од страна на надлежен повисок суд. **Претставка УПП 08-396/22** која е насловена како Предлог за повторување на судска постапка пред Основен суд Куманово. Судскиот совет нема надлежност да одлучува по предлогот на подносителот да се усвои барањето за повторување на судска

постапка по предмет по кој постапува судот во Куманово и предметот да се додели на постапување на суд  во Скопје.Од увид во прилог списите кон претставката се утврди дека подносителот се обратил и до Министерството за правда кое постапило по барањето и прибавено известувања од Основен суд Куманово кое е проследено до подносителот, а поднсоителот е поучен под кои законските одредби и услови  може да се бара повторување на постапка пред судовите во РСМ. **Претставка УПП 08-413/22** насловена како Известување во врска со Општинско јавно обвинителство Охрид  КТР бр.79/79 од 29.08.1979 година,Советот на седница одржана на ден 20.12.2022година по расправата одлучи да се затвори со службена белешка и архивира.Ова од причина што наводите се однесува на постапување на Јавното обвинителство Охрид во врска со оставински предмет на Околискиот суд Струга каде јавното обвинителство наоѓа дека не постои сомневање за извршено кр.дело фалсификување на службена исправа, за кои Судскиот совет нема надлежност да постапува. Исто така од увидот во прилог списите  кон преставаката се утврди дека и покрај тоа што е насловена како известување за постапување на обвинителството во преставаката во однос на посочениот предмет на Околискиот суд Струга во кој постапката се водела пред многу години  и се изминати законските рокови за постапување согласно одредбите од  Законот за Судскиот совет на РСМ , а како с енаведува и во претставката предметот ги поминал сите судски инстанци. **Претставка УПП 08-420/22** која се однесува на судија на Основен суд Кавадарци по предмет, Советот на седницата одржана на ден 20.12.2022 година по расправата одлучи да се затвори со службена белешка и архивира.По увид во претставката и списите кон истата се констатира дека претставка под бр 08-101/22 од 01.03.2022година со иста содржина и наводи Советот ја разгледал на седницата одржана 29.03.2022 година и доставил известување до подносителот. Истата претставака до Советот била препратена преку Кабинетот на заменик претседателот на Владата на РСМ  задолжен за политики за добро владеење и во Советот заведена под УПП бр.08-206/22 од 06.05.2022 година и за која на седница на Советот одржана на 31.05.2022година е констатирано дека се однесува на прашање за кои веќе е одговорено на подносителот  и согласно член 11 од Законот за постапување по преставки и предлози, претставката е архивирана.Со оглед да и оваа претставака препратена преку Кабинетот на заменик претседателот на Владата на РСМ задолжен за политики за добро владеење е со иста содржина и нема нови наводи  за кои веќе Советот одговорил, согласно членот 11 од Законот за постапување по преставки и предлози претставката се затвора со службена белешка.

**Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми** констатира дека **членот на Советот Миљазим Мустафа** ја напушти седницата.

Во продолжение **Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми**, збор даде на наредниот известител, **членот на Советот Ханиф Зендели** да пристапи кон изложување на претставките.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** ја изложи претставката пријавена за денешната седница и истакна дека истата е основана. Во таа насока предложи координаторот за следење на работатата на Основниот суд Гостивар да го разгледа предметот и причините за одлагањето на расправите.

**Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми**, **о**твори расправа по излагањето на известителот.

Откако констатира дека никој не се јави за збор, **заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми** го стави на гласање предлогот на известителот **Ханиф Зендели** по изложената претставка. Предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП.бр.08-392/2022** - До Судскиот совет на Република Македонија поднесена е претставка од во која подносителот изразува незадоволство од постапувањето на судијата од Основниот суд Гостивар, по предметот К-617/20. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по преставката констатира дека во конкретниот случај незадоволството се однесува на временскиот период на траење на постапката, кое нешто создава индиции за одолговлекување на истата во насока на застарување на кривичното гонење. Судскиот совет на Република Северна Македонија по спроведените извиди, имајќи ги предвид наводите изнесени во преставката и изјавата на судијата, најде дека преставката е основана. Имено, Советот најде дека во текот на постапката биле закажани 13 расправи. Од закажаните расправи до

моментот на разгледување на преставката на седница на Советот биле одржани 12 расправи (13-та расправа е закажана за ден 20.12.2022 година). Од закажаните 12 расправи било одржана само една главна расправа – расправата закажана за 21.10.2021 година што упатува на основаност на наводите изнесени од подносителот. По мислење на Советот судијата била должна со примена на одредбите од ЗКП кои се однесуваат на обезбедување на странките во постапката поажурно да постапува и да обезбеди услови за одржување на главната расправа во насока на заршување на предметот. Во таа насока подносителот е известен дека останува обврската на Советот во рамките на своите со закон утврдени надлежности да ја следи работата на судијата, постапувањето по конкретниот предмет во иднина од аспект на благовременото и ажурно превземање на дејствијата, обезбедување на странките и создавање на услови за одржување на главната расправа. Истовремено Судскиот совет на Република Северна Македонија, го извести подносителот дека квалитетот на водење на судската постапка и квалитетот на ажурно постапување како квалитативни критериуми за судиското работење предвидени во чл.80 ст.1 алинеа 1 и 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ, Советот го зема предвид при оценка на работата на судијата.

**Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми** збор даде на **членот на Советот Зоран Герасимовски,** како нареден известител.

**Членот на Советот Зоран Герасимовски** започна со изложување на преставката УПП.бр.08-237/22. По изложувањето истакна дека истата треба да се затвори како неоснована.

**Заменик претседателот на Советот**, отвори расправа по излагањето на известителот.

За збор се јави **членот на Советот Мери Радевска** истакна дека за неа не е јасен начинот на евидентирање на предметите во АКМИС системот и како може кривична тужба од 24.12.2021 година да биде заведена под К.бр.13/22, а обвинителниот предлог бил пратен во истиот суд на 17.12.2021 година, односно 7 дена пред приватната тужба и бил заведен под К.бр.28/22. Поради изложеното смета дека е очигледно дека заведувањето на предметите не е во ред од кои причини неможе да прифати дека оваа преставка е неоснована

**Членот на Советот Зоран Герасимовски** во реплика истакна дека го приметил тоа, но дека судијата не е тој кој врши заведување на предметите во АКМИС системот и дека тоа е причината што смета дека преставката е неоснована.

**Членот на Советот Мери Радевска** се согласи дека судијата не е надлежен за евиденитање на предметите, но дополни дека службеникот и претседателот кој е надлежен да води евиденција за предметите согласно Законот за движење на предметите. Поради наведеното смета дека има основ да се утврди дали имало субјективен пропуст во конкретниот случај и од кои причини дошло до ваков случај – 7 дена подоцна примен акт да биде заведен со помал број.

З**аменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми** констатира дека на седницата повторно е присутен **Претседателот на Советот** кој ќе го превземе раководењето со седницата.

**Претседателот на Советот** збор даде на ч**ленот на Советот Мирјана Радевска-Стевкова.**

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стевкова** истакна дека преставката гласи – „преставка поради злоупотреба на АКМИС системот“. Странката во своите првични наводи и воопшто не наведува дека преставката е поднесена против судијата и работењето на судијата. Подносителот кажува кај кој судија паднал предметот, но основното кое е наведено и со болдирани букви е дека првично поднесениот обивинителен предлог добива поголем број, а приватната кривична тужба подоцна поднесена добива помал број. Во одговорот на претседателот е наведено дека може да се направи превид имајќи предвид дека е крај на година ...тој превид за странка која е вклучена и во едната и во другата постапка значи нешто друго. Смета дека на крајот на годината и да има зголемен обем на работа треба да се постапи како што се стигнати актите без оглед дали станува збор за предлози, тужби..., по тој ред се постапува и се ставаат во автоматската распределба, во овој случај смета дека не е така постапено. Од тие причини истакна дека се согласува со предлогот на **членот на Советот Мери Радевска** од причини што преставката е поднесена по тој основ, а не поради работењето на судијата.

**Членот на Советот Зоран Герасимовски** во реплика истакна дека изнесените наводи по однос на преставката се точни и ги

прифаќа, дополнувајќи дека во преставката сепак е наведен судијата од кои причини и тој ценел дали постои одговорност на судијата во постапувањето со АКМИС системот.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека сакала идентично да се произнесе и да го каже она што веќе е кажано од **членот на Советот Мирјана Радевска-Стевкова**. Поради наведеното а во интерес на времето истакна дека нема да се повторува.

**Членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека не смета дека преставката е против судијата бидејќи уште на почетокот се вели дека е злоупотребен АКМИС системот на начин да се распредели предметот кај наведениот судија. Дополни дека од причини што се знае кој во судот е одговорен за АКМИС системот и распределбата на предметите смета дека преставката е основана. Воедно, смета дека оваа состојба може на еден начин да биде индиција да се направи проверка во судот за употребата на АКМИС системот бидејќи станува збор за сериозна работа.

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стевкова** истакна дека останува на својот став дека преставката во основа е за злоупотреба на АКМИСОТ. Поради наведеното без оглед на исходот на реферирањето по преставката УПП.бр.237/22, а со оглед на околноста и дека е координатор за следење на работата на Основниот суд Гостивар по однос на оваа преставка побара да се донесе заклучок да изврши контрола на работата по однос на водените предмети.

**Претседателот на Советот** истакна дека најнапред треба да се изврши контрола од страна на Советот со цел да се види што се случува, а доколку се нема технички механизми за увид во АКМИС системот или ако се утврдат некои неправилности, тогаш да се извести Министерството за правда со барање да изврши вонреден надзор околу АКМИС системот. По однос на судијата смета дека преставката е неоснована.

**Заменик претседателот на Советот** м-р Селим Адеми побара да се прецизира дали преставката е основана или неоснована, Ако е основана по автоматизам ќе се додели во работа на координаторо за следење на работата на тој суд и во тој случај нема потреба да се носи заклучок, а доколку е неоснована тогаш да се затвори.

**Претседателот на Советот** истакна дека има изјава од претседателот, па како ќе се каже дека е основана.

**Членот на Советот Мери Радевска** смета дека воопшто не е од значење изјавата на претседателот, кога има подносител кој смета дека нешто не е во ред. Дали станува збор за судијата службеникот , претседтелот....се заведувале предмети преку ред или не со ред и тоа мора да се провери. Поради наведените причини смета дека не постои проблем доколку се каже дека преставката е основана.

**Членот на Советот Зоран Герасимовски го** преформулира заклучокот согласно изнесените дискусии во врска со наводите од преставката и во та насока предложи преставката да се смета за основана.

Во продолжение **членот на Советот Зоран** Герасимовски ја изложи преставката УПП.бр.08-372/22

По однос на оваа преставка за збор се јави **членот на Советот Мери Радевска.** Наведе дека Академијата за судии и јавни обвинители има свој статут во кој се утврдени правата и обврските на менторите. Смета дека Академијата е надлежна да ги избира менторите аналогно на што Академијата е таа и која треба да реагира доколку има неправилности во работата на судијата како ментор. Смета дека Советот тоа не може да го одреди, како и дека во врска со преставките кои се однесуваат на работата на судиите како ментори треба да постапува Академијата за судии и ЈО.

**Членот на Советот Зоран Герасимовски** истакна дека го дели истото мислење. Воедно, ги информираше членовите на Советот дека како член на УО на Академијата му е познато дека во меѓувреме подносителот на преставката е исклучен од Академијата како слушател.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека Советот може да постапува во делот на преставката за кој има надлежност, додека во делот кој се однесува на постапувањето на судијата како ментот преставката треба да се достави на постапување на Академијата за судии и јавни обвинители.

**Членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека согласно со Законот за постапување по преставки и поплаки Советот

има обврска доколку преставката не се однесува на надлежностите на Советот да ја препрати на надлежно постапување.

**Членот на Советот Мирјана Радевска-Стевкова** постави прашање: „Дали е барана изјава од судијата??, дополнувајќи дека Советот согласно чл.77 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија има предвидено дисциплинска повреда – „неисполнување на менторски задолженија“.

**Претседателот на Советот** поаѓајќи од околноста дека против наведениот судија имало поднесено и барање за утврдување одговорност по кое не е мериторно одлучено истакна дека смета дека треба да се побара изјава од судијата. Во таа насока П**ретседателот на Советот** побара од известителот доколку се согласува да ја повлече преставката од денешната седница со цел да се побара изјава од судијата после што да се ценат околностите во насока на донесување на правилна одлука.

**Членот на Советот Зоран Герасимовски** како известител по преставката истакна дека не е проблем преставката да се повлече и да се бара изјава од судијата. Воедно, со оглед на околноста да како член на УО на Академијата за судии и ЈО учествувал во донесувањето на одлука за исклучување на подносителот на преставката како слушател од Академијата побара да биде изземен од постапување по преставката УПП.бр.08-372/22.

**Претседателот на Советот** на гласање го стави предлгоот на **членот на Советот Зоран Герасимовски** да биде изземен од одлучување и постапување по преставката УПП.бр.08-372/22 од причини што како член на УО на Академијата за судии и ЈО учествувал во донесувањето на одлука за исклучување на подносителот на преставката како слушател од Академијата.

**Членот на Советот Ивица Николовски** постави прашање: „Кколку е издржано барањето за изземање од причини што преставката се однесува на судија кој вршел функција на ментор во Академијата, а членот на Советот известител во Академија како члек на Управниот одбор не одлучувал за судијата, туку за исклучување на подносителот на преставката од Академијата што се сосема различно?“.

По гласањето **Претседателот на Советот** констатира дека предлгот за изземање е усвоен со 10 гласа „За“.

**Членот на Советот Зоран Герасимовски** не учествуваше во гласањето по предлогот за изземање.

**Претседателот на Советот** истакна дека по завршување на седницата преставката УПП.бр.08-372/22 да се распредели согласно ЈКМИС системот на друг член на Советот.

По завршување на реферирање на преставката УПП.бр.08-372/22 **членот на Советот Зоран Герасимовски** ги изложи останатите преставки за кои наведе дека нема основ за одговорност на судиите кои постапувале по наведените предмети.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор по однос на другите преставки изложени од известителот, **Претседателот на Советот** го стави на гласање предлогот на известителот **Зоран Герасимовски** по останатите изложени претставки (освен преставката УПП.бр.08-372/22 за која известителот е изземен од постапување и одлучување) и предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот.

По гласањето констатира дека со 11 гласа „За" е донесена следната

## О Д Л У К А

**Претставката 08-237-22** –(основана) по предметот К.бр. 28/22, судијата наведува дека не се точни наводите во претставката со единствена цел да му се наштети на дигнитетот и достоинството на судијата. Поради тоа наведува дека побарал изземање поднесено на 10.01.2022 година, кое барање било одбиено од страна на Претседателот на судот со Решение СУ.бр. 1/22 од 11.01.2022 година. По доставената Ургенција 1 од Советот, со оглед дека не е добиен одговор на веќе бараното - по однос на прашањето за тоа од кои причини обвинителниот предлог примен на 17.12.2021 година бил заведен под К.бр. 28/22, а подоцна поднесената приватна кривична тужба примена на 27.12.2021 година е заведена со помал број - К.бр.13/22 во АКМИС-системот, доставен бил одговор од претседателот на судот во кое е наведено дека можно е да се направи превид при заваедувањето на предметите, со оглед на големиот број на предмети во судот. Во конкретниот случај, Координаторот за следење на работата на Основниот суд Гостивар , во рамки на следење на состојбата во судот ќе ги има во предвид и

конкретните предмети и состојбата со начинот на заведување на предметите во АКМИС- системот, со цел да ги утврди причините за наведеното, се со цел за што поголема правна сигурност на странките. .Исто така, дека Судскиот совет во рамките на својата надлежност ја следи и оценува работата на судиите и по однос на наводите кои ги имате наведено во преставката, а кога за тоа Судскиот совет ке оцени дека има потреба превзема мерки и активности согласно законот. Притоа следењето и оценувањето на работата на судијата се остварува без да се наруши независноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција. Воедно се доставува и известување до Координаторот што ја следи работата на на ОС Гостивар. **Претставката 08-372-22-**(се иззема членот на Советот) - да се заведе да постапува друг член на Советот. **Претставката 08-383/22** - по предметот било постапувано согласно одредбите на Законот за парничната постапка, ценети биле сите докази изведени во постапката пред првостепениот суд како и и жалбените наводи и била донесена на на закон заснована одлука. Согласно член 13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука согласно наведената законска одредба може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, како што во конкретниот случај е постапено. Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот. **Претставката 08-398-22 –** со решение на стечајниот судија на ОС Битола СТ.бр. 114/20 од 27.06.2022 година задолжен бил купувачот Настел ДОО Скопје на целокупниот имот на стечајниот должник АД Металец-Битола– во стечај да ги исплати трошоците на стечајната постапка за месец февруари, март, април, мај и јуни 2022 година во вкупен износ што го наведува ат и тоа во поединечни износи како во изреката на решението. Против ваквото решение изјавена била жалба од купувачот Настел ДОО Скопје .Апелациониот суд Битола донел решение ТСЖ-237/22 од 22.08.2022 година со кое жалбата на купувачот-сега подносител на претставката се отфрла како недозволена, со образложение дека согласно чл. 12.ст.1 од Законот за стечај, против решението на стечајниот судија може да се изјави жалба во рок од 8 дена, кога е тоа определено со наведениот Закон.Со оглед да со Законот за стечај против решението на првостепениот суд од 27.06.2022 година ,со кое решение е одлучено за трошоците на стечајната постапка не е определено право на жалба, судот согласно ст. 2 од горенаведената одредба, жалбата ја отфрлил како недозволена, бидејќи со Законот за стечај не е определено право на жалба против ваквото решение на стечајниот

судија со кое се одлучува за трошоците на стечајната постапка. Според тоа, судиите наведуваат дека неосновани се наводите во претставката дека во решението со кое е отфрлена жалбата како недозволена, не бил наведен правниот основ за донесување на одлуката. Претседателот на Основен суд Битола достави известување од судијата кој постапувал по предметот СТ-114/20 во кое е наведено дека наводите во претставката се невистинити и дава детална хронологија во постапувањето по наведениот преднмет, од отварањето на стечајната постапка над стечајниот должник Заштитно друштво Металец ПО Битола, сите донесени одлуки во постапката одлуките на Собранието на доверители, стечајниот управник и сл. На подносителот на претставката како купувач на целокупниот имот од стрна на судот му било доставено решение за продажба со кое бил задолжен во рок од 8 дена да ја плати купопродажната цена бидејќи неговата понуда била прифатена, а потоа му било доставено решение за извршена продажба кое во февруари 2022 година станало правосилно и извршно.Стечајниот управник уредно преку Е-маил кореспонденција на 24.02.2022 година го повикал купувачот – подносител на претставката да пристапи кон примопредавање на недвижниот имот, согласно решението за продажба. Купувачот не постапил по ваквото правосилно и извршно решение, ниту по повикот за примопредавање од стечајниот управник и по негова вина целокупниот имот го превзел во владение и примопредавање било извршено во месец јуни 2022 година , па поради тоа согласно чл. 314 став 1 од Законот за облигациони односи доверителот задоцнил и бил должен да му ја надомести штетата на должникот, како и трошоците околу натамошното чување, тековно и редовно одржување, а утврдените трошоци се утврдени по поднесени соодветни месечни фактури од страна на стечајниот управник. Воедно, согласно член 13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука согласно наведената законска одредба може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, како што во конкретниот случај е постапено. Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот. **Претставката 08-418-22** - службена белешка- во конкретниот случај, од причини што во претставката УПП.08-418/22 од 28.11.2022 не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување во смисла на чл.11 од Законот за постапување по претставки и предлози( Сл. весник на РМ бр. 82 од 8 јули 2008 год.) а за што впрочем на подносителот по претставката

му било одговорено со известувања УПП.бр.08-280/22 од 17.10.2022 година,следуваше дека најсоодветно е предметот да се архивира.

Пред да му даде збор на следниот известител **Претседателот на Советот** информираше дека преставките кои за денешната седница се пријавени за реферирање од страна на **членот на Советот Лорета Горгиева** ќе се сметаат за повлечени од причини што овој член на Советот поради користење на годишен одмор е отсутна од денешната седница. Дополни дека наведените преставки ќе бидат реферирани на наредната седница на Советот закажана за 29.12.2022 година.

Во продолжение **Претседателот на Советот** информираше дека поради неодложни обврски кон реферирање на преставките ќе пристапи **членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска**, после што ќе се продолжи со редолседно изложување на преставките од страна на останатите членови на Советот.

**Претседателот на Советот** даде збор на **членоп на Советот Тања Чачарова-Илиевска** да пристапи кон изложување на преставките.

**Членоп на Советот Тања Чачарова-Илиевска** ги изложи претставките.

По однос на преставката УПП.бр.08-355/22 најнапред побара да се смета како основана, а потоа го повлече тој предлог и побара истата да се смета како неоснована.

По однос на преставката УПП.бр.08-423/22 по реферирањето и предлогот на известителот истата да се одбие како неоснована се отвори расправа.

За збор се јави ч**ленот на Советот Мери Радевска** истакна дека преставката содржи и наводи кои се однесуваат на однесувањето на судијата кое е окарактеризирано како недолично и неморално кое како такво не одговора за еден судија. Поради наведеното истакна дека смета дека ако некој го познава наведениот судија да го изнесе своето мислење за истиот, од кое нешто може би и да произлезе основ за постапување. Во продолжение дополни дека преставката можеби е неоснована во делот на барањето на алиментација и надомест на штета, но другите наводи според нејзино мислење се страотни од кои причини смета дека Советот треба да се позанимава со ликот на овој судија.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** по однос на прашањето дали некој го познава овој судија истакна дека лично го познава. Дополни дека е кривичен судија и важи за еден од подобрите кривичари кој е посветен во работата. Дополни дека судијата претходно бил делегиран во Основниот суд Виница, а сега повторно е вратен во својот матичен суд. Истовремено истакна дека во последно време се говорело и за вистинитост на наводите за несоодветно однесување однесување на судијата, дополнувајќи дека тоа до слушнал од други колеги поради што лично неможе да каже дека е така.

**Претседателот на Советот**, истакна дека за неа наводите од преставката се загрижувачки. Во таа насока истакна дека може да станува збор за најдобар судија, но да е човек без интегритет. Постави прашање: „Што може Судскиот совет тука да направи?, дополнувајќи дека најнапред мора да се испитаат наводите дали се виситинити. Во таа насока побара преставката да се достави до координаторот надлежен за следење на работата на Основен суд Кочани да го испита предметот во рамките на надлежностите на Судскиот совет, а доколку има потреба да се извести и МВР од причини што станува збор за паушални наводи за кои Советот нема докази.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор, П**ретседателот на Советот** го стави на гласање предлогот на известителот **Тања Чачарова-Илиевска** по изложените претставки. Предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП бр.08-350/1 од 04.10.2022 година.** Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на Основен кривичен суд Скопје, по предметот К.бр.2770/21, бидејќи се оддолговлекува постапката на начин што поканите не се испраќале до обвинетиот, дека претседателот на судот и судскиот администратор не постапувале по барања, претставки и ургенции и дека не му бил дозволен прием кај истите. Наведува дека постои организирана група на судски службеници, инспектор раководител, судски полицаец и сите предмети се паѓаат кај исти службени лица, а ова се правело поради поднесени пријави

од страна на подносителот во ОЈО и ОјО - организиран криминал. Од Судскиот совет барат да дозволи предметот К.бр.2770/21 да биде доделен во друг суд. Понатаму наведува дека претседателот на судот не презел никакви мерки и истиот учествувал во помагање на сторителите на кривичните дела и дека судскиот полицаец ги потикнувал колегите да пишуваат изјави на барање на ОЈО за организиран криминал, како и да пишуваат службени белешки. Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од претседателот на Основниот кривичен суд Скопје и според изјавата се констатира дека претседателот на судот немал никаква комуникација со подносителот освен кога поднесувал претставки и барања за изземања и дека го инволвирал секој што постапувал по судски предмет каде одлуката не била по волја на подносителот. За ваквата состојба била известена Адвокатската комора на РСМ која го известила судот дека имала сознанија за однесувањето на подносителот, за кое се сметало дека е проблематично. Адвокатската комора го известила судот дека поради бројни манипулации во судски постапки подносителот како адвокат биле казнувани од Адвокатската комора, како и тоа дека однесувањето на овој адвокат се следело. Претседателот на судот укажа на фактот дека подносителот учествувал како бранител во повеќе судски постапки во кои нејзината сестра била судија поротник, а таквиот факт свесно го прикриле. За таквото однесување откако била откриена таквата состојба, била известена и Адвокатската комора на РСМ. Од сето погоре наведено се утврди дека наводите истакнати во претставката се неосновани од причина што истите се паушални и непоткрепени со докази од страна на подносителот, дотолку повеќе што има поднесено кривични пријави по кои постапува обвинителството кое согласно утврденото ќе донесе соодветна јавно обвинителска одлука. По однос на барањето, Судскиот совет да дозволи предметот К.бр.2770/21 да биде доделен во друг суд, подносителот да се извести дека Судскиот совет нема надлежност да определи по предметот да постапува друг стварно надлежен суд, со оглед дека тоа е во надлежност на Врховниот суд на РСМ, бидејќи согласно член 61 од ЗПП е предвидено дека Врховниот суд може по предлог од странката или од надлежниот суд, да определи во одделен предмет да постапува друг надлежен суд, ако е очигледно дека така полесно ќе се спроведе постапката или ако постојат други важни причини. **Претставка УПП бр.08-355 /1 од 12.10.2022 година.** Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судиите од Апелационен суд Битола, по предметот ГЖ.бр.883/20, односно од донесената одлука, бидејќи ги повредиле процесните одредби од ЗПП, материјалните

одредби од Законот за сопственост и други стварни права и од Законот за наследување, а на штета на подносителот како тужител, бидејќи жалбата на подносителот како тужител ја одбиле како неоснована и првостепената пресуда ја потврдиле во делот на одбиеното тужбено барање, додека жалбата на тужениот ја уважиле и првостепената пресуда ја преиначиле во делот на уваженото тужбено барање и трошоците на начин што тужбеното барање е одбиено како неосновано. Претходно од страна на подносителот е поднесена претставка заведена во Советот УПП-216/21 по која е доставено известување дека со оглед на тоа дека е изјавена ревизија наводите во претставката ќе бидат ценети во таа постапка и потребно е да се сочека исходот од истата.Меѓутоа, Врховниот суд ја отфлил ревизијата како недозволена бидејќи се работело за спор од мала вредност. Поради тоа, подносителот смета дека Апелациониот суд Битола сторил пропуст и постапувал спротивно на одредбите од ЗПП за мала вредност, односно постапувал по ненавремена жалба од тужениот, бидејќи во споровите за мала вредност рокот за жалба е 8 дена, а во правната поука на првостепената пресуда бил даден рок од 15 дена. Наведува дека тужениот првостепената пресуда ја примил на ден 19.03.2020 година, а жалба поднел на ден 03.04.2020 година и дека истата била неблаговремена, во смисла на чл.438 ст.3 од ЗПП и како таква требало да биде отфлена. Бара Судскиот совет да преземе конкретни дејствија од своја наделжност, заради проверка на наводите во поплака од 22.03.2021 година заведена под УПП.бр.216/21. Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од судиите на Апелациониот суд Битола и од истата се констатира дека жалбите на странките против првостепената пресуда биле изјавени во рокот даден во поуката на првостепената пресуда односно во рокот од 15 дена. Судот ги прифатил истите како навремени и мериторно одлучувал по овие жалби, бидејќи правото на жалба и рокот на жалба дадени во правната поука на првостепената пресуда го обврзувала првостепениот и второстепениот суд во поглед на рокот за изјавување на жалба и дека со тоа што првостепениот суд спровел редовна постапка за спор од мала вредност и определил рок на жалба против пресудата од 15 дена како за редовна постапка, не претставува никаква повреда на правата на странките, туку во спротивно доколку таквата жалба не се прифатела како навремена во тој случај ќе постоела повреда на правата на странките да расправаат пред судот. Во оваа насока е судската пракса во судовите во Република Северна Македонија според која пракса кога поради погрешно упатство на судот правниот лек не е изјавен во законскиот рок туку по неговото истечување, но во рокот означен во

упатството за употреба на правниот лек кое судот го навел во пресудата, треба да се земе дека правниот лек навремено е изјавен. Врз основа на сето погоре наведено, Советот најде дека наводите изнесени во претставката се неосновани. **Претставка УПП бр.08-423/1 од 05.12.2022 година.** Подносителот во претставката изразува незадоволство бидејќи нејзиниот сопруг не плаќал месечна издршка за двете малолетните деца и дека истиот влијаел во Апелациониот суд Штип да ја уважи жалбата во предметот за надомест на штета. Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и констатира дека наводите за евентуално влијание во Апелациониот суд Штип се паушални и непоткрепени со докази од страна на подносителот. По однос на наводите дека од поранешниот сопруг не е пллаќана месечна издршка за малолетните деца, да се извести подносителот дека може да поведе соодветна судска постапка за наплата на истите. Врз основа на сето погоре наведено, Советот најде дека наводите изнесени во претставката се неосновани.

**Претседателот на Советот**, му даде збор на наредниот известител**, членот на Советот Ивица Николовски** да пристапи кон реферирање на претставките.

Воедно, констатира дека седницата ја напушти **членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска**.

**Членот на Советот Ивица Николовски** пред да пристапи кон изложување на преставките, изјави дека ја повлекува преставката УПП.бр.08-394/22. Пристапи кон изложување на останатите преставки при што наведе дека нема основ за одговорност на судиите кои постапувале по предметите.

**Претседателот на Советот** отвори расправа по излагањето на известителот.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот **Ивица Николовски** по изложените претставки. Предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот**.**

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставката 08-379-22** - во предметот ВПП бр. 26/22 постапувала по предлог за утврдување правен статус на бесправно

изграден објект во стечајна постапка поднесен од ДПММП Бана ДООЕЛ Скопје – во стечај, преку адв. Друштво Апостолски од Скопјеи донела решение ВПП бр. 26/22 од 02.02.2022 година со кое бил утврден правен статус на објект опишан во изреката на решението, а АКН со известување од 07.03.2022 година го известила судот дека не е во можност да постапи по судската одлука , поради што била донесена потврда за одбивање на пријава за запишување промена во катастарот на недвижности. Подносителот доставил анекс на геодетски елаборат , по што судот донел решение ВПП бр. 26/22 од 11.04.2022 година со кое бил утврден правен статус на објект опишан во изреката на решението, а воедно ставено било вон сила претходното решение. Предметното решение било спроведено од АКН Скопје. На 27.05.2022 година АКН доставила известување до судот дека бил извршен надзор на законитоста на работењето на Друштвото за геодетски работи Геоприм Инжинеринг ДООЕЛ Скопје на 06.05.2022 година и на 18.05.2022 година при што биле констатирани недостатоци во нивното постапување при подготовката на геодетскиот елаборат и анексот на истиот дел бр. 0803-12/2022 /01 од 24.03.2022 година, со образложение дека истите не биле изготвени во согласност со законски пропишаната регулатива и дека се сторени повреди на одредбите на Законот за Катастар и недвижности и неговите подзаконски акти.Било утврдено дека се работи за карабина во кој не биле изградени градежни инсалатерски работи. Имајќи ја во предвид содржината на претходно наведеното известување на АКН и приложените докази кон истото, судот утврдил битно поинаква фактичка состојба, со битно влијание врз правилна примена на материјалното право., па од тие причини судот донел решение од 27.05.2022 година со кое го ставил вон сила претходно донесеното решение од 11.04.2022 година, со кое го одбил предлогот за утврдување правен статус на објект поради неисполнетост на законските услови. Притоа донесеното решение од 27.05.2022 година било потврдено од страна на непосредно повисокиот суд како правилно и законито. Согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно член 13.ст.3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, според кои одредби Судскиот совет нема надлежност да преиспитува менува или укинува судски одлуки. **Претставката 08-381-22** - по предлог на доверителот од страна на нотар било донесено Решение за издавање на нотарски платен налог НПН.720/22 од 17.02.2022 година со кое бил задолжен подносителот на претставката како должник да му плати на доверителот Друштво за снабдување со пареа и топла вода Скопје

Север АД Скопје парично побарување во износ наведен во известувањето од судијата.Името и презимето на должникот биле наведени во решението на нотарот и се назначени според името и презимето во предлогот. Против решението поднесен бил приговор до нотарот од 17.08.2022 година, во кој било наведено дека е од должник со исто име како подносителот на претставката , со адреса и со своерачен потпис. Со приговорот била доставена во прилог и Пресуда на Основен суд Скопје 2 Скопје ПЛ1-П 894/17 од 26.04.2018 година и Пресуда на Апелациониот суд Скопје- Гж.бр. 3645/18 од 19.12.2019 година, со која била потврдена првостепената пресуда. Предметот од нотарот бил доставен до Основен граѓански суд Скопје на 24.08.2022 година и заведен под ПЛ1П-333/22. По увидот во предметот било утврдено дека во приговорот поднесен на 17.08.2022 година било наведено дека се однесува на должникот – со име на подносителот на претставката и дека приговорот е составен и потпишан од тужениот – должникот, но немал печат и потпис од адвокат. Во конкретниот случај, согласно чл. 68 ст.2 од Законот за нотаријат, ваквиот приговор кој не содржи адвокатски печат и потпис е нецелосен , па како станува збор за недостаток кој не можел да се исправи по протекот на преклузивниот законски рок за поднесување на приговор од чл. 72 ст. 2 од Законот за нотаријат, судот одлучил да го отфрли приговорот со Решение ПЛ1П-333/22 од 23.09.2022 година согласно чл. 428 ст. 3 од ЗПП во кој е предвидено дека ненавремеи, нецелосни или недозволени приговори на нотарски платен налог, судот ќе ги отфрли без одржување на рочиште. Против ова решение, должникот има право на жалба во рок од 8 дена до Апелациониот суд Скопје, па подносителот на претставката доколку е незадоволен има право да вложи жалба против истото. Воедно, согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно член 13.ст.3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, според кои одредби Судскиот совет нема надлежност да преиспитува менува или укинува судски одлуки. **Претставката 08-401-22** - правосилното Решение УП1-08-827 од 05.08.2022 година донесено од ЈУМ Центар за социјална работа Струга е управен акт со кој се решава ѕа реализирање на родителските права на лицата Емина Арифи и подносителот на претставката во врска со нивното малолетно дете. Имено извршувањето на управен акт не спаѓа во судска надлежност. Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот. **Претставката 08-403-22** - во предметот Гж.бр. 680/2020 како

доверител се јавува Комерцијална банка АД Скопје, а должник – подносителот на претставката.Во случајот претседателот на Основниот суд Кичево донел Решение ППНИ -76/19 од 09.03.2020 година, со кое го одбил приговорот на должникот против налогот за извршување И.бр 542/19 од 15.11.2019 година на извршителот. Против решението, подносителот на претставката поднел навремена жалба, по која советот на Апелациониот суд Гостивар одлучувал и донел решение едногласно –жалбата да се одбие како неоснована, а Решението на првостепениот суд да се потврди. Во решението се образложени причините за донесување на решението Гж.бр. 680/20 од 16.09.2020 година при што биле ценети сите докази.Воедно, согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно член 13.ст.3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, според кои одредби Судскиот совет нема надлежност да преиспитува менува или укинува судски одлуки.

Во продолжение **Претседателот на Советот**, му даде збор на наредниот известител**, членот на Советот Сашко Георгиев** да пристапи кон реферирање на претставките.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** пристапи кон изложување на претставката пријавена за денешната седница, при што наведе дека нема основ за одговорност на судијата кој постапувал по предметот.

**Претседателот на Советот** отвори расправа по излагањето на известителот.

Откако констатира дека никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот **Сашко Георгиев** по изложената претставка. Предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот**.**

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП. бр.08-410/1 од 18.11.2022 година -** До Судскиот совет на Република Северна Македонија поднесена е претставка во која се изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основен суд Охрид по предметот П4 – 30/20. Судскиот совет на Република Северна Македонија по разгледување на

преставката констатира дека претставката е неоснована. Видно од направените извиди и изјавата на судијата кој постапувал по предметот се констатира дека при постапување по предметот П4 – 30/20 судијата не сторил повреда на законските одредби и од страна на Советот не се најдени елементи за нестручно и несовесно постапување по конкретниот предмет. Судијата постапувал согласно со Законот за парничната постапка, како претседател на советот правилно раководел со главната расправа и во континуитет превземал дејствија. Во таа насока по приемот на тужбата и оформувањето на предметот побарана е адреса на тужената по чие добивање тужбата е доставена на одговор. Тужената преку нејзиниот полномошник доставила писмен одговор на тужба со барање судот со формално решение да ја отфрли тужбата бидејќи се работело за пресудена работа.*Со решение на судот од 14.12.2020 година тужбата е отфрлена, по што следувало поднесување на жалба од подносителот* на преставката. Постапувајќи по изјавената жалба Апелационен суд Битола донел решение ГЖ.бр.340/21 од 09.06.2021 година со кое жалбата била усвоена со напатствија и покрај околноста што помеѓу странките се водени повеќе постапки кои се правосилно завршени првостепениот суд да продолжи со постапување по предметот поради промена на правниот основ од страна на тужителот. Постапувајќи по напатствијата на Апелационен суд Битола, Основниот суд Охрид закажал расправа за 09.12.2021 година на која од страна на подносителот на преставката е побарано судот со формално решение да одлучи дали полномошникот на тужената може да ја застапува. Основниот суд Охрид постапувајќи по барањето на 09.12.2021 година донел решение со кое барање на подносителот на преставката како тужител го одбил како неосновано. Против вака донесеното решение била изјавено жалба до Апелационен суд Битола кој постапувајќи по жалбата донел решение ГЖ.бр.195/22 од 28.04.2022 година со кое жалбата ја одбил како неоснована По одбивање на жалбата против решението на второстепениот суд ГЖ.бр.195/22 подносителот на преставката изјавил ревизија до Врховниот суд на РСМ, по што предметот сметано од 06.07.2022 година бил пратен во Врховниот суд на Република Северна Македонија на одлучување. Врз основа на гореизложеното произлегува дека наводите на подносителот на преставката дека во предметот П4- 30/20 е одржано само едно рочиште се неточни. Имено, во конкретниот случај како првостепениот, така и второстепениот суд постојано постапувале по предметот и превземеле дејствија како резултат на што биле донесени повеќе одлуки. Донесените првостепени одлуки во жалбена постапка биле ценети од Апелациониот суд Битола, а потоа и од

Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод ревизија поднесена од подносителот на преставката.Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да ги преиспитува судските одлуки. Судска одлука може да се менува или укинува само од страна на надлежен суд во постапка пропишана со закон. Со оглед на наведеното Советот најде дека претставката е неоснована.

**Претседателот на Советот**, во продолжение даде збор на наредниот известител, **членот на Советот Мирсад Суроји** да пристапи кон реферирање на претставките.

**Членот на Советот Мирсад Суроји** ја изложи претставката, пријавена за денешната седница при што наведе дека нема основ за одговорност на судијата кои постапувал по предметот.

**Претседателот на Советот** отвори расправа по излагањето на известителот.

Со оглед да никој од членовите на Советот не се јави за збор, **Претседателот на Советот** на гласање го стави предлогот на известителот **Мирсад Суроји** по изложената претставка. Предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот**.**

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Преставка УПП бр.371/2022 -** Во преставката подносителот изразува незадоволство од постапување по предметот К.бр.590/19 на Основен суд Тетово. Наведува незадоволство од самоволието на судечкиот судија, сомнеж во непристрасноста на судијата и влијание врз судијата при носење на пресудата од страна на оштетениот. Исто така, во преставката е наведено дека судот постапил спротивно на законските одредби при месната и стварна надлежност, бидејќи подносителот наведува дека делото е сторено во село Форино, Гостивар, а одлучувал Основен суд Тетово.По направените извиди во наводите по претставката констатирано е дека подносителот не ги искористил сите инстанци и сите правни лекови во постапката, односно не поднесол жалба до второстепениот суд, поради што истата е правосилно завршена.Врз основа на горенаведеното се констатира дека наводите во преставката се жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува. Исто така, наводите во

преставката се неосновани, а судијата постапувале согласно законските одредби, па отаму нема основ за одговорнос на судиите.

**Претседателот на Советот** во продолжение збор даде наредниот известител. **Заменик претседстелот на Советот м-р Селим Адеми,** да пристапи кон реферирање на претставките.

**Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми** ги изложи претставките, при што наведе дека нема основ за одговорност на судиите кои постапувале по предметите.

**Претседателот на Советот** отвори расправа по излагањето на известителот.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор, **Претседателот на Советот** предлогот на известителот м-р **Селим Адеми** по изложените претставки го стави на гласање. Предложи да се донесе одлука како по предлогот на известителот.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Претставка УПП.бр.407/1 од 16.11.2022 година** поради незадоволство од постапување на судија од Апелационен суд Битола. Советот прибави изјава од судијата наведен во претставката, како и од претседателот на судот. Во смисла на погореизнесеното Советот констатира дека судијата веднаш согласно закон поднел барање за иззмање од постапување по предметот КЖ-429/22, така што тој воопшто не постапувал по предметот, па со тоа и не сторил никаква незаконитост во работењето. Согласно истото, Советот не наоѓа незаконито постапување на судечкиот судија, ниту пак во Апелациониот суд Битола. Воедно, координаторот надлежен за работата на тој суд се грижи за спречување на евентуален судир на интереси.

**Претседателот на Советот** констатира дека е исцрпена 9-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување по 10-та точка од Дневниот ред – „Разно“.

**Точка 10**

**Разно**

Во точката „Разно“ **Претседателот на Советот** информираше дека од страна на Комората на извршители на Република Северна Македонија е пристихнат допис со кој Советот е известен дека набрзо завршува мандатот на досегашните членови на Комисијата за спроведување на постапка за именување на извршители. Дополни дека поради наведената состојба од Комисијата бараат Советот да номинира предлог член кој од страна на Управниот одбор на Комората би бил избран за член на Комисијата за спроведување на постапка за именување на извршител. Ова од причини што согласно чл.34 ст.2 од Законот за извршување конкурсот за именување на извршители се распишува од страна на Министерството за правда, а се спроведува од страна на Комората на извршители која за таа цел формира комисија составена од пет члена од кои еден член е од Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Во продолжение **Претседателот на Советот** истакна дека до сега член на комисијата од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија бил членот на Советот Миљазим Мустафа. Со цел ротирање на членовите и можност секој од членовите на Советот да биде избран за член на комисијата, **Претседателот на Советот** предложи Судскиот совет на Република Северна Македонија да предложи друг член на Советот да биде номиниран за член на Комисијата за спроведување на постапка за именување на извршители, дополнувајќи дека со оглед да се работи за извршители би требало да биде номиниран член на Советот кој е граѓански судија.

Во таа насока за член на Комисијата за спроведување на постапка за именување на извршители од редот на членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија го предложи **членот на Советот Ивица Николовски**.

**Претседателот на Советот** отвори расправа по предлогот и повика членовите на Советот доколку имаат свој предлог да го изложат.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор, **Претседателот на Советот** предлогот **членот на Советот Ивица Николовски** да биде номиниран за член на Комисијата за спроведување на постапка за именување на извршители го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

За член на Комисија за спроведување на постапка за именување на извршител, Судскиот совет на Република Северна Македонија го номинира **Ивица Николовски** - член на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

**Претседателот на Советот** укажа за донесената одлука да се извести Комората на извршители на Република Северна Македонија.

Во продолжение **Претседателот на Советот** ги информираше членовите на Советот дека од страна на Министерството за правда до Советот на запознавање и надлежно постапување е доставен записник кој се однесува на извршен увид во функционалноста на Автоматскиот систем за управување со судиски предмети АКМИС во Основниот суд Гевгелија изготвен од страна на надзорна комисија од Министерството за правда.

Во таа насока **Претседателот на Советот** отвори расправа по доставениот записник.

За збор се јави **членот на Советот Мирјана Радевска-Стевкова**. Најнапред постави прашање: „Дали има потреба записник од увид да се разгледува на седница или е потребно да се проследи до координаторот“?. Истакна дека смета дека записникот треба да се проследи до координаторот надлежен за следење на работата на Основниот суд Гевгелија и дека не треба да се разгледува на седница.

**Претседателот на Советот** истакна дека се согласува дека записниците за увид се доставуваат до координаторите надлежни за следење на работаа на судот, дополнувајќи дека во овој случај самата пратка била насловена до претседателот на Судскиот совет од кои причини записникот и бил ставен на разгледување на седница на Советот.

**Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека вакви записнци и нему му се доставени како кординатор и дека праксата во Советот е истите да ги разгледува кординаторот. При тоа доколку кординаторот процени дека има потреба записникот да биде разгледан на седница тоа ќе го побара.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот** истакна дека на денешната седница нема да се расправа по наведениот записник. Истиот да биде доставен до координаторот надлежен за следење на работата на

Основниот суд Гевгелија кој ќе биде назначен со новиот распоред за работа за 2023 година.

**Претседателот на Советот** информираше дека од страна на Основен суд Неготино со допис СУ-03 број 138/22-2 од 18.11.2022 година до Советот на запознавање е доставено известување поднесено од страна на судот со кое Советот се информира дека Основниот суд Неготино до Министерството за правда поднел иницијатива СУ-03 број 148/21 од 16.07.2021 година за дополнување на Законот за судска служба.

**Претседателот на Советот** истакна дека со оглед на околноста да пред да биде избрана за претседател на Советот била координатор за следење на работата на Основен суд Неготино е запозната со состојбата, објаснувајќи при тоа дека со законските одредби од Законот за судска служба прецизно е утврдено како може да се пополнат упразнетите места на судски службеници, но дека во Основниот суд Неготино нема службеник од одредена категорија што е причина сите распишани огласи за пополнување на одредено работно место да пропаднат. Дополни дека овој допис е доставен со цел Судскиот совет да превземе дејствија да се забрза постапката по однос на превземената иницијатива. Дополни дека не е познато дали Законот за судска служба може да претрпи измени во овој момент, дополнувајќи дека во рамките на своите надлежности кога Законот за судска служба ќе биде предмет на измени, ќе иницира средби, не само по однос на ова прашање, туку и по однос на други недостатоци на Законот кои се детектирани, за што членовите на Советот за сите потреби за измени ќе бидат известени на работен состанок. Во таа насока побара од членовите на Советот да размислуваат во која насопка Законот за судска служба треба да претрпи измени.

**Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми и**стакна дека ваков проблем има и Основниот суд Гостивар, како и некои други поголеми судови, но дека сепак станува збор за законски одредби за чие менување Министерството за правда е тоа кое треба посериозно да се ангажира.

**Претседателот на Советот** истакна дека по однос на ова прашање претседателите на судовите треба да остварат соработка и секаде каде што има можност да си помагаат помеѓу себе за што нема ограничување во законот.

**Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми**. истакна дека е потребно со новата стратегија да се даде поголема

независност на судскtвото и по однос на ова прашање и Законот да претрпи измени.

**Членот на Советот Мери Радевска** постави прашање: „Дали Судскиот совет на Република Северна Македонија ги има тие звања кои се потребни во својата систематизација. со цел да може преставник на Судскиот совет да партиципира во Комисијата која се формира во судот. Дополни дека истото важи и за судовите.... „Дали може вработени од еден суд да партиципираат во комисија на друг суд“?“ Смета дека треба да се искористат сите можности и судството како една целина да најде начин да се користи тоа што го дава извршната власт.

**Претседателот на Советот** истакна дека е запознаена дека претседателот на Основен суд Неготино по однос на овој проблем и негово надминување праќал дописи до повеќе претседатели на други судови, но дека не наишла на разбирање, дури не било најдено за сходно барањето да биде одбиено или да и одговорат со известување зошто не дозволуваат да се прати член на комисијата.

По однос на вработените во Судскиот совет на Република Северна Македонија истакна дека неможе да се излезе во пресрет на Основниот суд Неготино и во Комисијата да се прати вработен од Советот со оглед на околноста што вработените во Советот имаат друг статус односно не се судски службеници, туку се административни службеници.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека како координатор за следење на работата на Основен суд Крива Паланка е информиран дека претседателот на Основен суд Неготино стапил во контакт со претседателот на Основен суд Крива Паланка по однос на овој проблем и дека начелно има добиено согласност од претседателот на Основниот суд Крива Паланка да се излезе во пресрет со цел решавање на проблемот. Воедно, истакна дека претседателот на Основен суд Крива Паланка бара да добие согласност од Советот дека може да излезе во пресрет на Основниот суд Неготино, односно дека може да прати некој од своите вработени судски службеници да биде член на Комисијата во Основниот суд Неготино со цел да се реализира постапката и да се вработат судски службеници во Основниот суд Неготино.

**Претседателот на Советот** истакна дека непостои можност да се донесе формален заклучок по барањето на претседателот на Основен суд Крива Паланка од страна на Советот, дополнувајќи дека со оглед на околноста што Советот на денешната седница е

запознат со изразената волја на претседателот на Основниот суд Крива Паланка да излезе во пресрет на Основниот суд Неготино, работата да се спроведе во рамките на заемната соработка, доколку постои законска можност за тоа.

Во продолжение **Претседателот на Советот** ги информираше членовите на Советот дека Академијата за судии и јавни обвинители го известила Советот дека претседателот на Основниот суд Прилеп, Зоран Стевановски ја известил Академијата дека поради зголемен обем на работа на судот и поради здравствени проблеми повеќе не е во можност да биде заменик член на Комисијата за завршен испит. Дополни дека поради наведената состојба од Академијата за судии и јавни обвинители бараат во најкус можен рок Советот да назначи нов заменик член на комисијата за завршен испит пред се поради околноста што во Академијата во тек е спроведување на завршниот испит од кои причини во наредниот период за Комисијата престои интензивно работење.

Согласно изложеното имајќи го при тоа предвид фактот дека Основниот суд Прилеп од каде доаѓа судијата Зоран Стевановски кој поднел оставка на функцијата заменик член на Комисијата за завршен испит во Академијата за суди на јавни обвинители спаѓа под Апелационото подрачје Битола, **Претседателот на Советот** предложи од тоа подрачје да биде и новиот заменик член на комисијата кој ќе го предложи Советот.

За збор се јави **членот на Советот Мери Радевска** предложи за заменик член на Комисијата за завршен испит при Академијата за судии и јавни обвинители да биде номинирана судијата на Апелационен суд Битола, Виолета Костовска.

Откако констатира дека никој од останатите членови на Советот не се јави за збор, **Претседателот на Советот,** предлогот на **членот на Советот Мери Радевска** Виолета Костовска, судија на Апелационен суд Битола да биде номинирана за заменик член на Комисијата за завршен испит при Академијата за судии и јавни обвинители го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

За заменик член на Комисија за завршен испит на местото на Зоран Стеваноски-претседател на Основен суд Прилеп, се номинира **Виолета Костовска** – судија на Апелациониот суд Битола

Во продолжение на седницата за збор се јави **членот на Советот Павлина Црвенковска**. Побара да и биде доделен државен советник за работа со оглед да сеуште не и е доделен.

Откако констатира дека никој од останатите членови на Советот не побара збор, **Претседателот на Советот** констатира дека е исцрпен Дневниот ред на 423-та седница на Советот и дека истата е завршена во 15,15 часот.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Весна Дамева**

**Изработил:** Емилија Николиќ-државен советник
**Одобрил:** Весна Толева – ВД генерален секретар